РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ

## ТРЕТ КВАРТАЛ 2013

# РЕГУЛАТОРНА РАМКА

## *Царинска регулатива*

Во јули 2013 година е донесен **Закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа** („Сл.весник на РМ“ бр.93/13*).* Со измените и дополнувањата на нормативниот дел на законот, се врши негово натамошно усогласување со регулативите на ЕУ. Исто така, укинати се царинските давачки за одделни необработени благородни метали - репроматеријали со цел да се подобри извозната конкурентност на домашната индустрија. Конкретно, во нормативниот дел од Законот со измена на членот 5 прецизно е дефиниран начинот на усогласување на Царинската тарифа со Комбинираната номенклатура и усвојувањето на регулативите на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура. Во делот на царинските давачки во Царинската тарифа укинати се царинските стапки за одделни необработени благородни метали, кои биле 7% пред да бидат суспендирани со Одлуката за укинување на увозните давачки за одделни необработени метали („Сл.весник на РМ“ бр.4/13).

Во јули 2013 година е донесена **Уредба за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ“ бр. 92/13) со што, примената на одредбите за задолжителна употреба на електронска транзитна декларација се одложи до 01.03.2014 година. Причина за одложувањето е доцнењето во испораката на апликацијата Новиот комјутеризиран транзитен систем (НКТС).

Со цел натамошно забрзување на протокот на стоки и патници на граничните премини и унапредување на контролата, Царинската управа подготви и достави до Владата на Република Македонија **Предлог Уредба за определување на работното време, обемот на користење и категоризација на граничните премини.** Со предлог уредбата се утврдува режимот на поминување на патници и режимот на внесување и изнесување на стока посебно за трите категории на гранични премини (ГП), како и присуството на сите институции кои се присутни на ГП.

Во август 2013 година донесена е **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз** („Сл. весник на РМ“ бр.118/13 година). Со оваа одлука е воведена нова форма на увоз Д8 која предвидува поднесување на одобрение од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за шумарство и ловство при увоз на одредени видови на дрво од Глава 44 на Царинската тарифа. Исто така, за одредени стоки од Глава 6 и Глава 12 од Царинската тарифа, постојната форма Д1 се заменува со новата форма Д8.

## *Акцизи*

Во јули 2013 година започна примената на донесените измени и дополнувања на Законот за акцизите („Сл.весник на РМ“ бр. 82/13) со кои се извршени повеќе значајни измени во акцизното работење:

– променет е начинот на пресметка на акцизите за цигари. Износот на акциза што се наплаќа со овие измени е 9% од малопродажната цена и 1,3 денари по цигара или минимален износ од 1,5 денари по цигара (претходно беше 35% од малопродажната цена и 0,1 денари по цигара) со **истовремено укинување на**

**надоместоците за тутун и тутунски производи кои претходно се плаќаа врз основа на три други закони во** вкупен износ од 0,45 денари по цигара. Предвидено е и континуирано годишно зголемување на акцизата до 2023 година (измените се во сила од 13.07.2013);
- променет е износот на акциза на пиво и на алкохолни пијалоци. За пиво, износот е зголемен од 3 денари по степен на алкохол по литар на 4 денари по степен на алкохол по литар, додека за алкохолните пијалоци (и меѓупроизводи) од 3 на 3,4 денари по степен на алкохол по литар (измените се во сила од 13.07.2013);
- засилени се мерките за контрола на трговијата со нафтени деривати, особено на т.н. „црвена нафта“ со воведување на концепт на регистрирани трговци со минерални масла, додефинирање на прекршочните одредби и воведување на GPRS систем за следење на трговијата со „црвена нафта“;
- со измена на прекршочните одредби, точно е дефинирано кои прекршоци се предмет на постапка на порамнување и посредување (мандатни казни);
- извршено е усогласување на тарифните ознаки во Законот за акцизите со законот за царинската тарифа.

## *Заштита на права од интелектуална сопственост*

Во септември 2013 година донесен е **Правилник за изменување на Правилникот за спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост** („Сл.весник на РМ“ бр.132/13). Измените се во насока на допрецизирање на податоците за оригиналната стока, кои треба да ги дадат носителите на правото на заштитените трговски марки, со цел за нивно полесно препознавање и откривање од страна на царинските службеници, како и доуредување на образецот за поднесување на барањето за превземање на царински дејства.

## *Друга регулатива која има влијание врз царинското работење*

Во периодот јули – септеври 2013 година во врска со царинското работење во Република Македонија се донесени следниве регулативи:
- Закон за изменување и дополнување на законот за животната средина („Сл.весник на РМ“бр. 93/13);
- Закон за изменување на законот за тутун и тутунски производи („Сл.весник на РМ“бр. 93/13);
- Исправка за воведување на мерка за заштита на пазарот на пченица и брашно, со врзување на количините на увоз на пченица и брашно со откуп на пченица произведена во Република Македонија („Сл.весник на РМ“бр. 93/13);
- Одлука за воведување на рестриктивните мерки согласно со Одлуката 2013/184/ЗНБП на Советот од 22 Април 2013 година за рестриктивни мерки против Мијанмар/Бурма и за укинување на Одлуката 2010/232/ЗНБП („Сл.весник на РМ“ бр. 98/13);
- Закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи („Сл.весник на РМ“ бр. 99/13);
- Правилник за условите за ставање во промет на животни од видовите овци и кози („Сл. весник на РМ“ бр.100/13);

- Правилник за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната („Сл.весник на РМ“ бр.100/13);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапките на увоз и транзит и начинот и постапките за вршење и проверки и преглед на пратки домашни миленици од видовите птици кои не се наменети за трговија или за пренос на други лица и се придружени од сопственикот или одговорно лице како и формата и содржината на ветеринарно здравствениот сертификат или друг документ што ги придружува („Сл.весник на РМ“ бр. 100/13);
- Одлука за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата („Сл.весник на РМ“ бр. 100, 106, 112, 125 и 130/13);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно здравствениот сертификат или други документи кои ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло („Сл. весник на РМ“ бр.102/13);
- Правилник за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти („Сл.весник на РМ“ бр. 102/13);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на земјоделските производи („Сл.весник на РМ“ бр.106/13);
- Одлука за формата и содржината на Извештајот за проценка на влијанието на регулативата („Сл.весник на РМ“ бр. 106/13);
- Упатство за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата („Сл.весник на РМ“ бр. 106/13);
- Методологија за проценка на влијанието на регулативата („Сл.весник на РМ“ бр. 107/13);
- Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна гора за соработка и взаемна помош по царински прашања („Сл.весник на РМ“ бр.107/13);
- Правилник за услови за ставање во промет на копитари („Сл.весник на РМ“ бр.110 и 118/13);
- Решение за определување привремен граничен премин („Сл.весник на РМ“ бр.117/13);
- Преглед на декларации на ЕУ (Брисел) кон кои Република Македонија се има придружено во периодот 1 јануари–30 јуни 2013 година („Сл.весник на РМ“ бр.117/13);
- Преглед на правни акти на ЕУ (Брисел) кон кои Република Македонија се има придружено, а од кои произлегуваат обврски за Република Македонија и нејзините правни и физички лица – рестриктивни мерки, во периодот 1 јануари – 30 јуни 2013 година („Сл.весник на РМ“ бр.117/13);
- Преглед на изјави на обраќања и други заеднички документи на ЕУ (Њујорк, Женева, Виена ОНЕ-ОБСЕ, Стразбург), кон кои Република Македонија се има придружено во периодот 1 јануари – 30 јуни 2013 година („Сл.весник на РМ“ бр.117/13);
- Решение за изменување на Решението за забрана на увоз во Република Македонија на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло

заради спречување на внесување на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии („Сл.весник на РМ “ бр.118/13 година);
- Објава од МНР за стапување во сила на Договорот за ветеринарна соработка помеѓу Владата на РМ и Советот на министри на Босна и Херцеговина („Сл.весник на РМ “ бр.118/13 година);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето „Сл.весник на РМ “ бр. 119/13 година);
- Закон за измена и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема („Сл.весник на РМ “ бр.119/13 година);
- Одлука за изменување на Одлуката за воведување на мерка за заштита на пазарот на пченица и брашно, со врзување на количините на увоз на пченица и брашно со откуп на пченица произведена во Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр.120/13 година);
- Закон за ратификација на Протоколот за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина кон конвенцијата за оценување на влијанијата врз животната средина во прекугранични контекст („Сл.весник на РМ“ бр.120/13);
- Уредба за изменување и дополнување на уредбата за начинот на распределба, дистрибуција и ревизија на искористеноста на дозволите за меѓународен превоз на стока („Сл.весник на РМ“ бр.123/13);
- Одлука за воведување мерка паричен надомест за влез на територијата на Република Македонија како мерка на реципроцитет спрема Република Косово („Сл.весник на РМ“ бр.123/13);
- Одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно одлуката за спроведување 2013/248/ЗНБП Советот од 29 мај 2013 година за спроведување на одлука 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија („Сл.весник на РМ“ бр.123/13);
- Одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно одлуката 2013/308/ЗНБП на Советот од 24 јуни 2013 година за изменување на одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки против Белорусија („Сл.весник на РМ“ бр.123/13);
- Исправка на Одлуката за воведување мерка паричен надомест за влез на територијата на Република Македонија како мерка на реципроцитет спрема република Косово („Сл.весник на РМ“ бр.124/13);
- План за распределба на меѓународните транспортни дозволи за 2014 година („Сл.весник на РМ“ бр.126/13);
- Одлука за изменување на Одлуката за воведување на мерка за заштита на пазарот на пченица и брашно, со врзување на количините на увоз на пченица и брашно со откуп на пченица произведена во Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр.127/13);
- Одлука за воведување на рестриктивните мерки согласно Одлуката 2013/255/ЗНБП на Советот од 31 мај 2013 година за рестриктивни мерки против Сирија („Сл.весник на РМ“ бр.133/13).

## *Усогласување со регулативите на ЕУ*

Во август 2013 година изготвена е **Предлог Уредба за дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура** и доставена до Министерство за финансии. Со оваа Предлог Уредба се предлага да бидат усвоени вкупно 25 нови регулативи на ЕУ кои се донесени во период од 01.01.2013 до 30.06.2013 година.

## *Поврзување со царинските информатички системи на ЕУ*

### *Имплементација на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС)*

Активностите за имплементација на НКТС беа застанати во првиот квартал од 2013 бидејќи изведувачот не го испорача софтверот, а мируваа и во вториот квартал од 2013 година во услови на перманентно инсистирање на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија Царинската управа да го прифати недовршениот НКТС софтвер. После одржаните состаноци на највисоко ниво на Делегегацијата на ЕУ и на Република Македонија, на почетокот на јули 2013 година, изведувачот продолжи со активностите за довршување на НКТС. Кон средината на јули 2013 година изведувачот на НКТС софтверот инсталираше нова верзија на апликацијата како и две нејзини надоградби (во август и септември 2013 година). Резултатите од извршените тестирања во јули и август укажуваат дека апликацијата е подобрена во однос на преходните тестираните верзии, но дека за да биде спремна за ставање во продукција неопходно е натамошно доработување на истата, пред сè во делот на фунционирање на веб сервисите и дигиталниот потпис, конверторот и управувањето со референтните податоци.

Кон крајот на септември 2013 година одржан е работен состанок помеѓу Царинската управа, изведувачот, преставник од Делегацијата на Европска унија во Македонија и нивниот консултант, на кој се разгледа статусот на НКТС проектот и активностите кои треба да се преземат во наредниот период со цел обезбедување на успешно приведување на истиот кон крај.

### *Пристапување кон интегрираната тарифна околина на ЕУ (ITE[1])*

Врз основа на тестирањето на првата верзија од ITE апликацијата, реализирано во вториот квартал на 2013 година, во јули 2013 година до испорачателот е доставен конечен извештај со забелешки и препораки за отстранување на утврдените недостатоци на апликацијата. Во текот на август 2013 година Царинската управа изврши иницијална ревизија на претходно доставените модули од апликацијата, од страна на изведувачот. Целокупниот резултат од иницијалната ревизија е позитивен и општа оценка е дека изведувачот ги развива модулите согласно прифатените функционални спецификации.

[1] Integrated Tarif Environment

Прирачниците, кои беа дел од испораките, беа разгледани од страна на консултантот, но во целина нивниот квалитет не беше прифатлив и беа вратени на изведувачот на ажурирање и доработка. Истиот месец, беше завршен Прирачникот за тарифа и беа прецизирани бизнис областите кои ќе бидат дел од обуките за царинските службеници во текот на септември.

Во текот на септември 2013 година, од страна на консултантот беше одржана обука за оперативниот систем Linux за вработени од Секторот за информатички и комуникациски технологии кои се вклучени во проектните активности. Исто така, беа подготвени и материјалите за обука за функционалностите на модулите во ITE системот од деловен аспект кои се закажани за периодот 30.09.2013 - 18.10.2013 година.

Во септември се одржаа редовни состаноци на Управувачкиот комитет за ITE и за двата проекти. На состанокот на Управувачкиот комитет на Проектот за поддршка во управувањето со ITE беше усвоен Извештајот за работата на консултантот за периодот 01.03.2013 – 31.08.2013 година и беа усвоени измените на Планот за имплементација на проектот. На состанокот на Управувачкиот комитет на Проектот за имплементација на ITE беше усвоен Кварталниот извештај за работата на изведувачот за периодот 01.05.2013 – 31.07.2013 година.

Во периодот 16.09.2013 – 27.09.2013 година беше спроведена Оценска мисија од страна на Европската Комисија со цел да се утврди напредокот во спроведувањето на проектните активности поврзани со имплементацијата на ITE.

**Во соработка со Делегацијата на Европската Унија, во септември 2013 година официјално беше одбележан стартот на двата проекти за воведување на ИТО во Република Македонија, финансирани од Европската Унија**. Пред претставниците на деловната заедница беше презентиран бизнис концептот на ИТО и поволностите кои ќе ги обезбеди за економските оператори, по неговото ставање во оперативна функција.

Во септември 2013 година на Царинската управа ѝ беше предочена можноста клучниот експерт за поддршка во управувањето со проектот да го напушти проектот, што би претставувало ризик за навремено, целосно и квалитетно комплетирање на проектот.

## *Развој на административниот капацитет согласно ЕУ стандардите*

### *Царина 2013 – Програма на Европската комисија*

Во третиот квартал од 2013 година преку Програмата Царина 2013 година беа реализирани 2 активности и тоа:

– 5-ти Семинар на царински хемичари на тема „Да работиме заедно за сите нас, денес и утре“ одржан во Париз, Франција. На овој семинар учесниците имаа можност да се запознаат со активностите на царинската лабораторија, да разменат и споделат различни искуства и практики кои ги спроведуваат во

нивните лаборатории, да разговараат за важни и актуелни прашања, како и да ја подобрат соработката помеѓу царинските лаборатории и царинските управи и

- Работилница за управување со програмата Царина 2013, одржана во Лисабон, Португалија. Целта на работилницата беше националните координатори да се запознаат со Планот за работа за 2014 година (имплементација на Програмата Царина 2013 во 2014 година).

## *Инструмент за техничка помош за размена на информации на Европската Комисија – TAIEX*

Во третиот квартал од 2013 година преку Инструментот за предпристапна помош TAIEX, а во соработка со Дирекцијата за заштита на лични податоци, се одржа работилница на тема „Обработка на биометриски податоци". Целта на оваа работилница беше да се објасни начинот на обработка на биометриските податоци, нивната заштита, регулативата, како и интересот и потребата за обработка на биометриските податоци односно оправданоста на нивната обработка. На работилницата, назначените офицери за врски од Царинската управа имаа можност да се запознаат со поставеноста на системите за обработка на овие податоци од земјите членки на Европската унија (Германија, Велика Британија, Словенија и Ирска).

## *CEFTA*[2]

Во јули 2013 година Царинската управа започна со активности за реализација на предлог одлуката на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА, донесена на **Шестиот состанок на ЦЕФТА Поткомитетот за царина и правила за потекло** со која се предвидува да се замени постоечкиот протокол за потекло со Регионалната конвенција за Пан-евро-медитеранскот потекло, како и да се започне постапката за измена на соодветните протоколи за потекло со Европска унија, Турција и ЕФТА државите.

Предлог одлуката за измена на ЦЕФТА Протоколот за потекло е изработена и усогласена со сите договорни страни кон ЦЕФТА договорот. Предлогот одлуката треба да биде усвоена на министерскиот состанок на земјите членки на ЦЕФТА во ноември 2013 година и со неа треба да почне да се применува Регионалната конвенција за потекло на стоки. Во септември 2013 година, доставена е Предлог Одлука на Советот на ЕУ, со која исто така ќе се изврши менување на Протоколот за потекло за стоки од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и ЕУ. Оваа одлука исто така треба да биде усвоена од страна на Советот на ЕУ во ноември 2013 година.

Во областа на анализа на ризик, работната група изработи Прашалник за прибирање на податоци за начините и методите на вршење на селективности и анализа на ризик во земјите членки на ЦЕФТА. Целта на прашалникот е изработка на насока за воведување на заеднички профили за ризик во ЦЕФТА земјите.

---

[2] CEFTA – Central European Free Trade Agreement

## *Царински упатства (Customs Bluprints) на Европската Комисија*

Во јули 2013 година, извршено е понатамошно усогласување на националното законодавство со царинските упатства на Европската Комисија (Customs Blueprints) во следниве области: царинско законодавство преку имлементирање на новиот систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), што ќе овозможи целосна компјутеризација на сите царински постапки и можно компјутерско поврзување со останатите релевантни институции и државни органи. Во клучните индикатори во областа на транзит, подготвено е упатство за спроведување на царински надзор и контрола на пратки на стока со поголем ризик од измама при движење на стоките, кај индикаторите за анализа на ризик, изготвена е измена на Упатство за поставување и следење минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и за олеснување на трговијата и истото прилагодено спрема ISO 9001:2008. Донесени се за минималните таргети според посоченото упатство при што е дополнето со нов тагрет мандатни казни во стоково царинење на иницијатива од Царинарниците. Во индикаторите на царинска етика, Царинската управа продолжи со активностите за унапредување на системите за утврдување на ризични точки подложни на корупција и откривање и санкционирање на дисциплински повреди и злоупотреба на службената должност. Секторот за професионална одговорност подготви Листа на ризични точки во царинското работење подложни на корупција.

Исто така, изготвени се и листи на Индикатори за оцена на нивото на изложеност на злоупотреба на службените должности и појава на коруптивни активности во Царинската управа, врз основа на кои ќе се мери успешноста за спречување на злоупотребите на службените должности и обврски и коруптивните активности.

## *Основи*

| БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦАРИНСКА УПРАВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Организациона единица** | **31.12. 2012** | **31.03. 2013** | **30.06. 2013** | **30.09. 2013** |
| 1 | Одделение за соработка на директорот - Кабинет на директорот | 7 | 7 | 7 | 10 |
| 2 | Одделение за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција | 4 | 5 | 5 | 6 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 4 | Одделение за царинско управна постапка и застапување пред судовите | 18 | 18 | 18 | 17 |
| 5 | Одделение за прекршочна постапка | 20 | 20 | 20 | 21 |
| 6 | Сектор за управување со човечки ресурси | 18 | 18 | 18 | 17 |
| 7 | Сектор за административни и технички работи | 201 | 187 | 183 | 180 |
| 8 | Сектор за иформатички и комуникациски технологии | 25 | 25 | 25 | 25 |
| 9 | Сектор за сметководство и финансии | 42 | 41 | 39 | 40 |
| 10 | Сектор за професионална одговорност | 15 | 15 | 15 | 14 |
| 11 | Сектор за Царински систем | 40 | 41 | 41 | 38 |
| 12 | Сектор за контрола и истраги | 103 | 102 | 101 | 100 |
| 13 | Регионална Царинарница Скопје | 229 | 235 | 235 | 233 |
| 14 | Регионална Царинарница Битола | 121 | 119 | 117 | 116 |
| 15 | Регионална Царинарница Гевгелија | 134 | 135 | 136 | 132 |
| 16 | Регионална Царинарница Куманово | 131 | 131 | 128 | 126 |
| 17 | Регионална Царинарница Штип | 55 | 56 | 54 | 54 |
| | **Вкупно** | **1,167** | **1,159** | **1,146** | **1,133** |

На крајот на септември 2013 година во Царинската управа беа вработени **1.133**[3] лица (**34 помалку** во однос на 2012 година). Основна причина за намалувањето на бројот на вработени е заминувањето во пензија, како и престанување на работниот однос поради разни други причини. Од вкупниот број вработени, **1.008 лица** (**3** помалку во однос на август 2012 година) се со статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа, **12 лица** се со статус на државни службеници согласно Законот за државните службеници и **111** лица (2 помалку во однос на август 2012 гадина) се со статус на работници согласно Законот за работните односи. Во однос на стручната подготовка, **15** вработени се магистри, **583** вработени имаат високо образование, **21** вработени имаат вишо образование, **487** вработени имаат средно образование и **27** вработени имаат образование од друг вид. Ова значи дека **52,78%** од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

Во периодот јули – септември 2013 година **Комитетот за административен и институционален развој** одржа два состаноци, на кои беше констатирана реализација на следните препораки: пречистен текст на клучните закони и подзаконски акти, што се однесуваат на работата на Царинската управа (Царински закон, Закон за Царинска управа, Закон за царинска тарифа, Уредба за спроведување на царинскиот закон, Правилник за шифрите и начинот на пополнување на ЕЦД), истите се објавени на интернет и интранет страната на Царинската управа; имплементирани се препораките од СЦО што се однесуваат на делот за задолжителни единечни мерки, заштита на озонската обвивка, спречување на криумчарење на дрога и хемикалии, како и тоа дека е активирана и промовирана базата за ИПР на СЦО. Пристапот до оваа база на податоци за заштитените трговски марки им овозможи на царинските службеници подетално да се запознаат со новите трендови на нивно фалсификување.

[3] Бројот на вработени во Кабинетот на генералниот директор ги вклучува и директорот на Царинската управа и заменик на директорот на Царинската управа

## *Вработување*

За остварување на стратешката цел унапредување на системот на вработување и внатрешно прераспоредување на вработените утврдена во Стратешкиот план на Царинската управа 2013-2015 година во септември 2013 година е донесено ново **Упатство за формата и содржината на персоналните досиеја на вработените во Царинската управа и начинот на нивното водење** согласно со стандардот ИСО 9001:2008. Со ова Упатство се обезбедува унифициран начин на водење и чување на персоналните досиеја на вработените во Царинската управа, поради обезбедување на точна и достапна информација во секое време за секој вработен во Царинската управа за неговиот професионален и работен развој.

Во септември 2013 година објавени се **13** интерни огласи за пополнување **на 30 испразнети** работни места, од кои, **15** се за раководни царински службеници. По објавените интерни огласи се пријавија **23** кандидати. Комисиите за селекција и избор за 3 работни места ја завршија постапка на селекција, по што ќе следи распоредување на вработени на овие места, а за останатите 27 работни места постапките се во тек.

Во третиот квартал од 2013 година немаше активности за нови вработувања, но спроведени се **17** постапки за пополнување на **34** слободни работни места врз основа на интерен оглас. Од овие работни места **18** се за раководни царински службеници. На интерните огласи се пријавиле вкупно **26** вработени.

## *Обуки и стручно оспособување*

За исполнување на стратешката цел за унапредување на системот за обуки Царинската управа во Стратегијата за обуки и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници 2013-2015, во јули 2013 година е донесено ново **Упатство за практиканска работа во Царинската управа** усогласено со стандардот ИСО 9001:2008 (во 2011 година е донесено Упатство за практиканска работа во Царинската управа, но анализата од неговата примена укажа на потреба за негова измена). Со ова Упатство се доуредија условите за изведување на практикантската работа, постапката за склучување на меморандум за соработка со високообразовните институции, периодот и траењето на практикантската работа.

За остварување на приоритетот воведување на стандарди во стручното оспособување и усовршување од Стратегијата за обуки и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници 2013 – 2015, во август 2013 година е донесено **Упатство за планирање, организирање, спроведување и оценување на обуки**. Со ова Упатство се обезбедува навремено утврдување на потребите од обуки согласно надлежностите на Царинската управа, процесите на работењето, одредување на учесниците за обуки, обезбедување на сите услови за спроведување на обуките, следење на квалитетот на одржаните обуки, нивно оценување и унапредување.

Во август 2013 година е донесено ново **Упатство за вршење на службени патувања во Царинската управа** (во февруари 2013 година е донесено Упатство за вршење на службени патувања во Царинската управа, но по извршена ревизија за примена на

истото се утврди дека е потребно негово изменување). Со измената се обезбедува следливост на развојот на вработените и пренесувањето на стекнатото знаење и вештини на останатите вработени. Воедно, се прецизираа активностите од обуките и стручните усовршувања за кои е потребно да се склучи договор за стручно оспособување и усовршување.

## *Реализирани обуки и стручни оспособувања*

Во третиот квартал од 2013 година се спроведени **56** активности на стручно оспособување на царинските службеници, реализирани со вкупно **1.044** учесници[4]. Во просек секој учесник има следено обука во траење од **3,8** часа (3 часа и 48 минути). Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, споредeн со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување во просечно времетраеење од **1,3** часа (1 час и 18 минути).

| **РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ВО 2013 ГОДИНА** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Опис** | Q 1 | | | | Q 2 | | | | Q3 | | | | Вкупно |
| | **I** | **II** | **III** | **∑** | **IV** | **V** | **VI** | **∑** | **VII** | **VIII** | **IX** | **∑** | |
| Број на активности | 16 | 56 | 39 | 111 | 43 | 30 | 26 | 99 | 14 | 6 | 36 | 56 | 266 |
| Број на учесници | 220 | 437 | 302 | 959 | 387 | 324 | 395 | 1,106 | 245 | 197 | 602 | 1,044 | 3,109 |
| Просечен бр.часови по учесник | 4.0 | 4.0 | 9.6 | 5.9 | 14.8 | 14.6 | 3.5 | 11.0 | 5.4 | 1.0 | 5.0 | 3.8 | 6.9 |
| Просечен бр.часови по вработен | 1.0 | 1.5 | 2.5 | 1.7 | 5.0 | 4.1 | 1.2 | 3.5 | 1.2 | 0.2 | 2.7 | 1.3 | 2.1 |

Согласно Годишниот план за обуки и стручно оспособување и усовршување, во третиот квартал од 2013 година се реализирани вкупно **34** активности (**олеснување и забрзување на трговијата** – 7 активности, **контрола на примената на законите** – 19 активности, **човечки ресурси** – 6 активности, **организација на работа** – 2 активности). Од вкупно 45 настани планирани за 2013 година, до септември 2013 година беа предвидени 35 настани за стручно оспособување и усовршување, од кои се реализирани 24 настани (68,57% реализација).

Покрај планираните, во третиот квратал се одржани дополнителни **22** активности во вид на обуки. Овие активности се спроведени во соработка со организационите единици на Царинската управа откако дополнително беа утврдени како потреба од обука, а дел се спроведени на покана од надворешни институции.

Позначајни обуки одржани во третиот квартал од 2013 година се:

– **Претрес на лица и приведување на лица со средства за врзување** која беше изведена од вработени обучувачи кои посетуваа специјализирани обуки и своето знаење и вештини го пренесоа на останатите колеги кои ги применуваат овие техники во секојдневното работење;
– Во организација на **Амбасадата на САД** во Скопје, 3 претставници од Царинската управа учествуваа на **„91-та Сесија на ILEA“**. Целта на овие обуки е професионален развој на офицерите за спроведување на законот и развој на нивните лидерски вештини“;

[4] Од 1.142 вработени 415 вработени биле учесници на овие обуки. Одредени вработени биле учесници на повеќе обуки

- **Обука за царински и акцизни прекршоци, мандатно казнување и постапка за порамнување**. Целта на обуката беше да се објасни постапката по откривање на прекршокот, постапување со доказниот материјал, како и потребната документација која треба да се пополни при сторен царински прекршок;
- **Обука за идентификација на дрога и спречување на криумчарење**. Целта на обуката беше освежување на знаењата на царинските службеници во борбата против шверцот и недозволената трговија со дрога, со новите видови на дроги и новите трендови на криумчарење на дрога и други стоки, начини на селекција и претреси на патнички и товарни возила со користење на опрема и алати;
- **Работилница за поставување на систем за спроведување на контрола на корисниците на одобренија за поедноставени постапки**. Целта на работилницата беше ревидирање на начинот на вршење на контрола на поедноставените постапки (иматели на одобренија за поедноставени постапки) и воведување на систем на контрола;
- **Обука за примена на одредбите од Законот за ДДВ** која се одржа во соработка со Управата за јавни приходи. Целта на обуката беше запознавање на учесниците со одредбите од Законот за данок на додадена вредност, со елементите и документацијата потребни за изготвување на даночни пријави за поврат/плаќање на ДДВ, како и со начинот на евидентирање на платениот ДДВ при увоз и по основ на решение за царински долг/враќање на повеќе платен ДДВ при увоз.

Вкупниот број на спроведени активности за стручно оспособување и усовршување за периодот јануари – септември 2013 година изнесува **266**, на кои се регистрирани вкупно **3.109** учесници. Во просек, за периодот од јануари – септември 2013 година секој учесник има следено обука во траење од околу 7 часа. Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, спореден со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување во просечно времетраење од околу 2 часа. За периодот јануари – септември 2013 година секој вработен потрошил вкупно околу  19 часа или приближно 2,5 работни дена) од работното време за стручно оспособување и усовршување.

Во насока на употреба на модерни техники и методи на обука во периодот јули - септември 2013 година преку системот за **видеоконференциско учење** беа одржани **18** презентации и обуки на кои учествуваа **661 учесници**. Презентациите беа одржани на теми поврзани со царинското законодавство и обуки на теми идентификација на стоки за двојна намена и фалсификувани стоки. Преку овој систем заклучно со септември 2013 година одржани се вкупно **34 активности**, кои ги следеле **1.194 учесници**.

**РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ПРЕКУ СИСТЕМОТ ЗА ВИДЕОКОНФЕРЕНЦИСКО УЧЕЊЕ ВО 2013 ГОДИНА**

| Опис | Q 1 | | | | Q 2 | | | | Q3 | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | Σ | IV | V | VI | Σ | VII | VIII | IX | Σ | |
| Број на активности | 2 | 5 | 1 | 8 | 3 | 1 | 4 | 8 | 3 | 6 | 9 | 18 | 34 |
| Број на учесници | 101 | 157 | 20 | 278 | 54 | 28 | 173 | 255 | 133 | 197 | 331 | 661 | 1194 |

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Преку системот за следење на електронско учење за поставени **курсеви за електронско учење** во изминатиот период посетеноста на истите е следна: **Единствено одобрение за поедноставени постапки** во траење од **4** часа до сега го следеле 265 учесници, **Единствен идентификационен број на економските оператори** (EORI) во траење од 30 минути до сега го следеле **205** учесници, **Контрола на прекурзори** во траење од 3 часа до сега го следеле **263** учесници и **Преглед на контејнери** во траење од 4 часа до сега го следеле **376** учесници.

Во третиот квартал на 2013 година, Царинската управа овозможи на **73** студенти од факултетите со кои се склучени меморандуми за соработка, преку практикантската работа да се запознаат со улогата и надлежностите на Царинската управа. Студентите имаа можност во различни организациони единици да се запознаат со дел од работните процеси, а секој од нив преку посета на царинските испостави беа запознаени со начинот на спроведување на царинските постапки.

## *Интегритет*

Во третиот квартал од 2013 година се спроведени **26 внатрешни истраги** врз основа на редовни и вонредни контроли и примени информации и поплаки од физички и правни лица. Притоа, во 8 случаи се утврдени основани сомневања дека царинските службеници работеле спротивно на законските одредби, подзаконските акти, упатствата, правилата за ред и дисциплина и Кодексот на однесување на царинските службеници. **Во периодот јануари-септември од 2013 година се спроведени 83 внатрешни истраги**, при што во 29 случаи се утврдени основани сомневања дека царинските службеници работеле спротивно на законските одредби.

**БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИСТРАГИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ**

| Организационен дел | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Q1 | Q2 | Q3 | Σ |
| Централна управа | 65 | 40 | 41 | 13 | 10 | 17 | 40 |
| Царинарница Скопје | 18 | 15 | 16 | 9 | 4 | 3 | 16 |
| Царинарница Куманово | 15 | 10 | 15 | 3 | 3 | 4 | 10 |
| Царинарница Штип | 3 | 8 | 5 | 2 | 2 | 1 | 5 |
| Царинарница Гевгелија | 6 | 8 | 5 | 1 | 5 | 1 | 7 |
| Царинарница Битола | 5 | 12 | 5 | 1 | 4 | | 5 |
| **Вкупно** | **112** | **93** | **87** | **29** | **28** | **26** | **83** |

Во третиот квартал од 2013 година се **спроведени 19 внатрешни инспекции** врз чија основа се констатитарни 5 неправилности. Во периодот јануари-септември од 2013 година се спроведени 58 внатрешни инспекции при што се констатирани 15 неправилности, кои претежно се однесуваат на работењето на царинските испостави во врска со проверка на податоците во декларациите и начинот на пополнување на рубриките во нив, како и проверка на приложените документи кои се потребни за избраната царинска постапка.

**БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИНСПЕКЦИИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ**

| Организационен дел | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Q1 | Q2 | Q3 | Σ |
| Централна управа | 53 | 3 | 20 | 5 | 14 | 12 | 31 |
| Царинарница Скопје | 14 | 20 | 11 | 10 | 4 | 2 | 16 |
| Царинарница Куманово | 5 | 4 | 6 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| Царинарница Штип | 3 | 4 | 4 | 0 | 1 | | 1 |
| Царинарница Гевгелија | 10 | 7 | 4 | 0 | 2 | 2 | 4 |
| Царинарница Битола | 1 | 7 | 4 | 0 | 2 | | 2 |
| **Вкупно** | **86** | **45** | **49** | **15** | **24** | **19** | **58** |

Во третиот квартал од 2013 преку отворената царинска телефонска линија (197) беа **примени 17 поплаки.** Од вкупно поднесените поплаки, во 3 случаи се изготвени извештаи од извршена контрола, а во 4 случаи во тек е утврдување на фактичката состојба. Во периодот јануари-септември од 2013 година **преку телефонскиот број 197 се примени 53 поплаки**, врз чија основа во 12 случаи се изготвени извештаи од извршена контрола.

Во третиот квартал од 2013 година од страна на царинските службеници се поднесени 17 анкетни листови и 20 изјави за промена на имотната состојба. Доставени се четири изјави за судир на интереси. Кумулативно во периодот јануари-септември 2013 година од страна на царинските службеници се поднесени 73 анкентни листови, 69 изјави за промена на имотната состојба и 11 изјави за судир на интереси.

Во септември 2013 година во Царинската управа нема изречени дисциплински мерки, а во **8** случаи е изречена мерка намалување на платата за 15% поради недоволно ангажирање во извршувањето на работите и задачите.

| **ДОНЕСЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ И ДРУГИ МЕРКИ** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Видови на мерки** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | | | |
| | | | | **Q1** | **Q2** | **Q3** | **Σ** |
| Опомени | 1 | 4 | 9 | | 5 | 6 | 11 |
| Намалување на платата | 85 | 64 | 73 | 16 | 11 | 19 | 46 |
| Парична казна | 13 | 17 | 41 | 4 | 4 | 4 | 12 |
| Раскинување на работен однос | 10 | 5 | 14 | 7 | 6 | | 13 |
| Кривична пријава-вработени | 11 | 5 | 3 | | 1 | | 1 |
| Отстранување од работно место | 1 | 5 | 3 | 1 | | | 1 |
| **Вкупно** | **121** | **100** | **143** | **28** | **27** | **29** | **84** |

Во третиот квартал од 2013 година се донесени **6** писмени опомени **(5** во првото **полугодие** од 2013 година) поради непочитување на рокови за завршување на обврски утврдени со решение за формирање на работна група. Во овој квартал се донесени **4** решенија за парични казни како дисциплинска казна **(8** во првото **полугодие** од 2013 година), од кои **3** се поради отсуство од работно место, непочитување на раководен службеник и необезбедување на евентуален царински долг при спроведување на увозна царинска постапка и **еден** поради непостапување по дадено задолжение за пронаоѓање на стока во магацинот и усогласување на евиденцијата. Во овој квартал се изречени и **19** решенија за намалување на платата за 15% поради неостварени просечни односно очекувани резултати од работата **(27** во првото **полугодие** од 2013 година).

## *Мерење на успешноста*

Во текот на септември 2013 година, во Царинската управа се извршени 2 внатрешни ревизии при што се утврдени 10 наоди и дадени се 10 препораки.

Во периодот јануари - септември 2013 година, извршени се вкупно 14 ревизии. Врз основа на ревизиите утврдени се вкупно 59 наоди и дадени се вкупно 60 препораки за подобрување на работењето. Од вкупно 60 дадени препораки, реализирани се 53 препораки, делумно е реализирана една препорака, во тек на реализација се 5 препораки и не е изминат рокот за реализација на една препорака.
Согласно Упатството за внатрешниот контролен систем, во сите организациони единици во Царинската управа, се воспоставени 597 внатрешни контролни системи со

изготвени матрици за оценка на ризиците при спроведување на истите. Заклучно со септември 2013 година, ревидирани се 441 системи на контрола.

## *Наградување и унапредување*

Во септември 2013 година во Царинската управа извршени се **22** унапредувања за царинарниците и тоа **21** царински службеници на работно место виш цариник водач на смена (овие унапредувања следеа по измена на условот во Правилникот за систематизација на работните места во Цариската управа со која за работното место водач на смена се предвиде само високо образование) и **еден** царински службеник на работно место виш цариник контролор.

Во третиот квартал 2013 година во Царинската управа извршени се **вкупно 34** унапредувања. **Во Централна управа** унапредени се **вкупно 5** царински службеници, од кои **едно** унапредување на работно место **помошник директор**, **2** царински службеници на работно место **началник, еден** царински службеник на работно место **советник** и **еден** царински службеник на работно место **шеф на служба. Во царинарниците** се унапредени **вкупно 29** царински службеници од кои **едно** унапредување на работно место шеф на царинска испостава, **еден** царински службеник на работно место **виш цариник контролор** и **27** царински службеници на работно место **водач на смена.**

## *Основи*

**Комитетот за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи** (КУЖЦА) е формиран согласно Упатството за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи и неговата главна улога е постигнување на ефикасно и ефективно управување со животниот циклус на апликациите и ИКТ системите.

Во текот на третиот квартал 2013 година одржани се вкупно 4 состаноци на комитетот од кои како поважни задолженија се:

- во соработка со други надлежни институции да се дефинираат сетовите на податоци кои ќе се разменуваат електронски преку системот СОЦДАД,
- дополнување на упатството за користење на E-lohn системот, со измени кои предвидуваат задолжително користење на електронскиот систем, како и да се следи состојбата со функционирањето на системот во пресрет на неговата задолжителна употреба во однос на негово правилно користење како од страна на царинските службеници така и од страна на економските оператори,
- формирање на проектен тим за реализација на Систем за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материја за обележување и запознавање на економските оператори со улогата на овој ситем,
- континуирано следење на функционирањето на системот за внатрешна интероперабилност и неговото користењето и организирање на дополнителни обуки и промоции за надворешни корисници доколку се констатира за потребно.

## *Административни постапки*

Во третиот квартал на 2013 година **Електронскиот систем за управување со документи (ЕДМС)** беше користен од страна на 1.130 корисници при што се остварени 53.404 пристапи до системот и се креирани 17.309 нови предмети. **Во периодот јануари-септември 2013 година, во ЕДМС се остварени над 196 илјади пристапи и се креирани над 52 илјади нови предмети.**

| КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ (ЕДМС) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опис** | **2012** | **2013** | | | |
| | | **Q1** | **Q2** | **Q3** | **Вкупно** |
| Корисници | 1,161 | 1,150 | 1,144 | 1,130 | 1,130 |
| Пристапи | 204,208 | 74,851 | 68,406 | 53,404 | 196,661 |
| Отворени предмети | 73,332 | 16,756 | 18,402 | 17,309 | 52,467 |

| КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ (ЕДМС) ПО ОБЛАСТИ | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Област** | **2012** | | **2013** | | | | | | | |
| | | | **Q1** | | **Q2** | | **Q3** | | **Вкупно** | |
| | **отворени предмети** | **затворени предмети** | **отворени предмети** | **затворени предмети** | **отворени предмети** | **затворени предмети** | **отворени предмети** | **затворени предмети** | **отворени предмети** | **затворени предмети** |
| Прекршочни и мандатни постапки | 1.091 | 1.728 | 274 | 413 | 340 | 352 | 395 | 267 | 1.009 | 1.032 |
| Управни постапки | 741 | 1.034 | 213 | 123 | 93 | 132 | 355 | 77 | 661 | 332 |
| Скратени управни постапки | 703 | 34.626 | 108 | 8.690 | 407 | 10.555 | 2.042 | 7.897 | 2.557 | 27.142 |
| Царински постапли | 41 | 769 | 31 | 135 | 74 | 145 | 115 | 49 | 220 | 329 |
| Акцизни постапки | 280 | 1.454 | 79 | 309 | 225 | 269 | 350 | 48 | 654 | 626 |
| Гаранции | 227 | 430 | 61 | 83 | 62 | 97 | 69 | 63 | 192 | 243 |
| Проверка на докази за потекло и вредност | 146 | 133 | 36 | 6 | 70 | 6 | 56 | 2 | 162 | 14 |
| Барања за регистрација на EXIM | 2 | 13 | 1 | 3 | 3 | 3 | 1 | 2 | 5 | 8 |
| Останати области | 4.475 | 25.439 | 2.323 | 3.868 | 1.790 | 3.779 | 2.867 | 2.654 | 6.980 | 10.301 |

Во третиот квартал од 2013 година најголем број предмети се креирани во следните области: скратени управни постапки (9.939 од кои затворени се 7.897), прекршочни и мандатни постапки (662 од кои затворени се 267) и управни постапки (432 од кои затворен е 77).

Во третиот квартал 2013 година најголем број предмети и документи се креирани од страна на Царинарница Скопје (над 10,2 илјади), Царинарница Гевгелија (над 6,2 илјади) и Царинарница Куманово (над 3,8 илјади).

## *Безбедност и комуникација*

Видеоконференцискиот систем на Царинската управа е можност за видеоконференциско присуство на функционерите на органите на државна управа на седниците на Комисијата за економски систем и на седниците на Владата на Република Македонија. Во системот се **вклучени 200 корисници од органите на државната управа**, **кои во текот на третиот квартал на 2013 година реализираа 852 видеоконференциски присуства** на седниците на Комисијата за економски систем и на Владата на Република Македонија **(2.172 видеоконференциски врски во периодот јануари-септември 2013 година).** Во рамки на Царинската управа во системот се вклучени 50 корисници кои во текот на овој период остварија 2.024 видеоконференциски повици (3.706 повици во текот на јануари-септември 2013 година).

**КОРИСТЕЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ВИДЕОКОНФЕРЕНЦИЈА**

| Корисник | 2012 | | 2013 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Q1 | | Q2 | | Q3 | | Вкупно | |
| | Бр.на корис. | Бр. на повици | Бр.на корис. | Бр. на повици | Бр.на корис. | Бр. на повици | Бр.на корис. | Бр. на повици | Бр.на корис. | Бр. на повици |
| Органи на државна управа | 200 | 1.934 | 200 | 838 | 200 | 482 | 200 | 852 | 200 | 2.172 |
| Царинска управа | 50 | 1.545 | 50 | 771 | 50 | 911 | 50 | 2.024 | 50 | 3.706 |

## *ИКТ поддршка*

Во насока на континуирано унапредување на постапките за работа од ИКТ областа во третиот квартал од 2013 година изменети и дополнети се следниве упатства:

- **Упатство за постапување со ИКТ системите од аспект на ИКТ безбедност** (јули 2013 година). Упаството е дополнето со одредби за користење на далечински пристап (VPN) до ИКТ системите и користењето на службениот е-маил и маил групи. Со направените дополнувања на Упатството е дефинирано надворешните корисници со кои Царинската управа има склучено договор за далечински пристап пред секое пристапување да се најавуваат за да им се овозможи времен пристап, а по направената интервенција да достават извештај за преземените активности. За таа цел подготвени се соодветни обрасци, кои се составен дел на упатството. Воедно, упатството е усогласено со барањата на ISO 9001.
- **Упатството за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи** (август 2013 година), кое е усогласено со барањата на ISO 9001 и со одредбите на Законот за електронско управување и подзаконските акти. Покрај ова, направено е дополнување во членовите на Комитетот за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи со назначување на секретар на Комитетот и е дефинирана постапката за известување по одржаните состаноци на Комитетот.

- **Упатство за евиденција на апликациите и ИКТ опремата во Царинската управа** (август 2013 година) кое е дополнето со одредби со кои истото се усогласува со одредбите на Законот за електронско управување и подзаконските акти. Воедно, упатството е усогласено со барањата на ISO 9001.
- донесена е интервентна измена на **Упатството за постапување со ИКТ системите од аспект на ИКТ безбедност** во која е направена промена на дозволената големина на фајловите (attachments) што се праќаат преку е-маил.

Во третиот квартал од 2013 година во Царинската управа во функција беа 43 апликации, поддржани со масовна хардверска и комуникациска опрема. Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите изнесуваше 99,75%.

Апликациите кои се користат од царинските службеници и економските оператори при спроведувањето на царинските постапки (ASYCUDA, EXIM) имаат најголем број на корисници и се најискористени. Е- Lohn системот како нов систем развиен во 2012 година, исто така спаѓа во групата на апликации кои се користат од царинските службеници и економските оператори. Во последниот период се бележи значителен пораст во неговото користење од страна на економските оператори и позитивниот тренд се очекува да продолжи во следниот период.

Апликациите кои се користат само од страна на царинските службеници, можат да се поделат на три групи зависно од нивната намена:
- за царински постапки кои имаат поголем број на корисници и поголем број на пристапи, како што се БОРДЕР - Електронски контролник за затворање на царински постапки, СИМ - Систем за информирање на менаџментот и други.
- за административно-технички постапки дел од апликациите имаат голем број на корисници и голем број на пристапи (ЕДМС - Електронскиот систем за управување со документи, Систем за евиденција на работно време и контрола на пристап и други) бидејќи се користат во секојдневното работење. Другиот дел имаат помал број на корисници (Евиденција на прием на странки, Хелп деск и други), но поради проблематиката што ја опфаќаат имаат голем број на пристапи,
- за специјализирани постапки кои покриваат само одредена област од царинското работење и се користат од мал број на корисници, односно од одредена организациона единица и имаат мал број на пристапи. Во оваа група спаѓаат Посебна евиденција за потребите на Одделение за разузнавање, Девизни контролници, Разузнавачка база на податоци, Разузнавачка база за евидентирање на предмети и други.
- Последната група на апликации се наменети за информирање на надворешните корисници (економските оператори) и промовирање и олеснување на царинските постапки. Во оваа група спаѓаат интернет страната на Царинската управа и ПЕК – портал за електронска комуникација со надворешни корисници и кај нив се бележи позитивен тренд.

Користењето на овие апликации, односно бројот на остварени пристапи е на очекуваното ниво за овој период од годината.

**КОРИСТЕЊЕ НА СОФТВЕРСКИ АПЛИКАЦИИ ВО 2013**

| | **Назив на апликацијата** | Q 1 | | Q 2 | | Q3 | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | бр.на пристап |
| 1 | ASYCUDA - Систем за обработка на царински декларации | 2.192 | 600.531 | 2.573 | 606.735 | 2.658 | 629.837 | 1.837.103 |
| 2 | EXIM - Електронски систем за издавање на увозни и извозни дозволи | 3.842 | 17.060 | 4.132 | 19.277 | 4.361 | 17.965 | 54.302 |
| 3 | EXIM - Електронски систем за тарифни квоти | 3.842 | 900 | 4.132 | 987 | 4.361 | 816 | 2.703 |
| 4 | EXIM - Електронски систем за транзитни дозволи | 662 | 14.750 | 667 | 18.829 | 679 | 27.561 | 61.140 |
| 5 | ЕДМС - Електронски систем за управување со документи | 1.150 | 74.851 | 1.144 | 68.406 | 1.130 | 53.404 | 196.661 |
| 6 | ПЕК - Портал за електронска комуникација со надворешни корисници | 362 | 4.203 | 371 | 5.277 | 376 | 5.937 | 15.417 |
| 7 | Интернет портал на Царинска управа | 13.178 | 400.687 | 12.626 | 428.441 | 13.936 | 361.635 | 1.190.763 |
| 8 | Интранет портал на Царинска управа | 1.150 | 32.520 | 1.144 | 31.281 | 1.130 | 25.657 | 89.458 |
| 9 | LUCA - Систем за управување со човечки ресурси и евиденција на финансиско и материјално работење | 117 | 17.055 | 106 | 16.279 | 121 | 17.355 | 50.689 |
| 10 | Систем за евиденција на дисциплински мерки | 22 | 11 | 22 | 19 | 22 | 7 | 37 |
| 11 | Национална база за царинска вредност | 1.150 | 206 | 1.144 | 266 | 1.130 | 291 | 763 |
| 12 | Царински форум | 1.150 | 72 | 1.144 | 91 | 1.130 | 99 | 262 |
| 13 | Разузнавачка база на податоци | 37 | 88 | 37 | 171 | 37 | 179 | 438 |
| 14 | Разузнавачка база за евидентирање на предмети | 10 | 278 | 10 | 243 | 10 | 226 | 747 |
| 15 | TRACKER - Систем за евиденција на управувањето на стоки со двојна намена | 11 | 1 | 12 | 2 | 12 | 3 | 6 |
| 16 | ANPR- Следење на регистарски таблици | 30 | 329.027 | 30 | 430.859 | 30 | 483.491 | 1.243.377 |
| 17 | Систем за евиденција на кривични пријави | 8 | 22 | 8 | 24 | 8 | 10 | 56 |
| 18 | Систем за евиденција на заплени | 11 | 121 | 11 | 181 | 11 | 126 | 428 |
| 19 | CASE DB - База за менаџирање на податоци | 20 | 220 | 51 | 184 | 51 | 31 | 435 |
| 20 | Девизни контролници | 437 | 125 | 442 | 357 | 465 | 177 | 659 |
| 21 | CEMC- Систем за електронска размена на пораки во југоисточна европа | 203 | 288 | 207 | 357 | 205 | 275 | 920 |
| 22 | Систем за наплата | 696 | 60.802 | 674 | 63.382 | 698 | 60.778 | 184.962 |
| 23 | E- Lohn Систем за Размена на податоци со имателите на одобренија | 228 | 3.153 | 248 | 6.547 | 253 | 6.888 | 16.588 |
| 24 | Систем за следење на возила со GPS | 36 | 76 | 36 | 126 | 36 | 59 | 261 |
| 25 | Посебна евиденција за потребите на Одделение за разузнавање | 12 | 532 | 12 | 517 | 12 | 500 | 1.549 |
| 26 | Евиденција за прием на странки | 18 | 386 | 18 | 403 | 18 | 228 | 1.017 |
| 27 | Хелп деск | 5 | 962 | 5 | 1.373 | 5 | 862 | 3.197 |
| 28 | Евиденција на работно време | 1.150 | 187.009 | 1.144 | 194.771 | 1.130 | 159.678 | 541.458 |
| 29 | E-Learning | 466 | 15 | 552 | 628 | 532 | 437 | 1.080 |
| 30 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за одобренија | 927 | 82 | 939 | 163 | 970 | 120 | 365 |
| 31 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за гаранции | 12 | 467 | 12 | 440 | 12 | 487 | 1.394 |
| 32 | SEED 2 - Систем за размена на електронски податоци со соседни држави | 129 | 42.795 | 135 | 52.174 | 135 | 53.420 | 148.389 |
| 33 | СИМ - Систем за информирање на менаџментот | 681 | 12.259 | 695 | 12.553 | 702 | 10.663 | 35.475 |
| 34 | СИМ- модул за електронско издавање на ТИР сертификати | 681 | 416 | 695 | 311 | 702 | 323 | 1.050 |
| 35 | СИМ- модул анализа на ризик и резултати од извршени контроли | 681 | 10.137 | 695 | 11.291 | 702 | 7.627 | 29.055 |
| 36 | СИМ- модул обем на работа | 681 | 2.396 | 695 | 2.528 | 702 | 2.620 | 7.544 |
| 37 | СИМ- РААВИО | 7 | 52.708 | 8 | 82.362 | 8 | 94.891 | 229.961 |
| 38 | СИМ- модул за акцизи | 681 | 1.495 | 695 | 1.654 | 702 | 1.772 | 4.921 |
| 39 | ЕДДА - електронски дневник на дневни активности | 681 | 2.292 | 695 | 2.832 | 702 | 2.416 | 7.540 |
| 40 | ЦЛО - Централна листа на осомничени | 681 | 86 | 695 | 90 | 702 | 77 | 253 |
| 41 | СИМ- модул надзор на пазарот | 681 | 71 | 695 | 86 | 702 | 2.978 | 3.135 |
| 42 | БОРДЕР - Електронски контролник за затворање на царински постапки | 937 | 157.980 | 939 | 169.496 | 970 | 166.591 | 494.067 |
| 43 | Систем за таргетирање на различн и профили и стоп листи | 937 | 581 | 939 | 738 | 970 | 511 | 1.830 |

## *Управување со финансиски и нефинансиски ресурси*

Во јули 2013 година донесено е **Упатство за начинот и постапката на чување, администрирање и детална вонбилансна евиденција на сите видови банкарски гаранции на Царинската управа** во чии рамики е дефиниран целокупниот процес на чување, администрирање и детална вонбилансна евиденција на банкарските гаранции кои се доставени во Царинската управа по разни основи, во насока на овозможување на ефективно управување и следење на истите како и уредно и комплетно евидентирање на реалната состојба на применитe гаранции во рамки на вонбилансната сметководствена евиденција на Царинската управа.

## *Поедноставување на царинските и акцизните постапки*

Во текот на третиот квартал 2013 година, одржани се два состанока на **Комитетот за поедноставување и забрзување на царинските постапки** од кои произлегоа следните заклучоци и препораки по прашањата кои се разгледувани:

- Разгледано е **Упатството за спроведување на царински надзор и контрола на пратки на стока со поголем ризик од измама**. Дадена е препорака упатството да се донесе, а по донесување на истото да се известат царинските служби на соседните држави за измените во работењето поврзани со царинскиот надзор и контрола на пратки на стока со поголем ризик од измама;
- По разгледување и препорака на Комитетот, Царинската управа го **донесе Упатството за единствено поднесување на хартиени документи;**
- За еднобразно постапување на царинските службеници поврзано со измените во Законот за ДДВ и Царинскиот закон со кои се променија лимитите до кои пратките со мала вредност се ослободени од плаќање на увозни давачки (царина и ддв) разгледана е и дадена препорака да се донесе **Насока за ослободување од плаќање на давачки на пратки со мала вредност;**
- Во врска со Предлог измената на Упатството за увоз за облагородување Комитетот препорача приоритет да се даде на (1) поднесување на извештаите за раздолжување преку E-Lohn апликацијата во електронска форма, (2) по одобрение на надзорниот царински орган поднесување на извештаите за раздолжување на носител на податоци (ЦД) а исклучително повторно (3) со одобрение на надзорниот царински орган поднесување на извештаите за раздолжување во хартиена форма;
- Разгледана е и Процедура за работа на Комисијата за преглед на лица овластени да користат ТИР, со која се утврдува работата на самата комисија. Комитетот ги задолжи управниците да достават забелешки по однос на Процедурата за работа на Комисијата за преглед на лица овластени да користат ТИР карнети;
- За забрзување и поедноставување при издавањето на дозволите за вонгабаритен превоз и претовар Комитетот препорача издавањето на дозволите за вонгабаритен превоз и претовар да биде во рамките на EXIM;
- Комитетот препорачува отпадот кој се јавува во постапките за увоз за облагородување со систем на одложено плаќање на давачки и кој соодветствува на прифатениот норматив место да се уништува да се царини како отпадок;
- Комитетот даде препорака Упатството за терминали доследно да се применува од страна на засегнатите страни, а посебно во делот на контролата за пристап на лица во истите;
- Комитетот даде препорака да се разгледа можноста за формирање на Комисија за прекршочна постапка за итни случаи при Царинарница Гевгелија.

## *Услови за спроведување на царинските постапки*

Во овој период донесено е **Упатство за примена на Царинска тарифа** во царинска постапка, второ издание, со кое се уредува начинот и постапката за примена на Царинската тарифа која ја спроведуваат царинарниците преку царинските испостави во царинска постапка.

# *Е _ Царина*

Покрај перманентното анализирање и изнаоѓање можности за унапредување на царинските постапки и условите за спроведување на царинските постапки, Царинската управа перманентно работи на одржување на постојните и анализирање на можности за воведување нови можности за олеснување и забрзување на царинските постапки со поддршка на информатичка и комуникациска технологија.

## *Нов софтвер за обработка на царински декларации*

Во текот на третиот квартал од 2013 година продолжија активностите за развој на новиот **Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД),** започнат во мај 2012 година, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA.[5]

Во овој период 2013 година проектот СОЦДАД се наоѓа во фаза на финална конструкција на првата испорака, составена од функционалностите на системот за транзит со придружните модули за сметководство, гаранции и наплата на приходи, управување со економските оператори, управување со надворешни и внатрешни корисници на системот како и управувањето со базите за реферетни податоци. Од страна на изведувачот се доставени тест спецификациите и тест сценаријата за тестирање на горенаведните модули од СОЦДАД. Истовремено доставени се извештаите кои ги содржат резултатите добиени при тестирањето извршено од страна на изведувачот. Реализирани се подготовките и инсталацијата на неопходните сервери и бази на податоци и изведена е инсталација на погоренаведените модули на системот. Согласно прифатената стратегија за тестирање, извршено е иницијално тестирање (во кое беа опфатени 10% од вкупниот број тест сценарија) кое што покажа дека испорачаниот систем за транзит со придружните модули за сметководство, гаранции и наплата на приходи, управување со економските оператори, управување со надворешни и внатрешни корисници на системот како и управувањето со базите за реферетни податоци за секој модул, се подготвени за целосно тестирање. Во последната декада од септември 2013 година, започна целосното тестирање на модулите од првата испорака кое што треба да резултира со нивно прифаќање.

## *EXIM*

Во третиот квартал на 2013 година продолжија активностите за унапредување на EXIM[6], при што:

---

[5] Новиот СОЦДАД, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA, ќе обезбеди интероперабилност и интерконекции со царинските информатички системите на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка и архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.

[6] Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти - EXIM е достапен на Web страницата на Царинската управа од ноември 2008 година и оттогаш наваму масовно се користи од економските оператори (работата на EXIM е уредена со повеќе интерни акти на Царинската управа, како и со Уредба донесена од страна на Владата на Република Македонија).

- Поставени се новите упатства на јавниот дел од веб локацијата на EXIM;
- Додаден е графички приказ на тековната верзија на апликацијата;
- Имплементиран е механизам за следење на бројот на пристапи до веб локацијата на системот;
- На органите и економските оператори, корисници на системот, им е овозможен увид и превземање на електронските документи од системот во xml форма, и истите да ги користат за понатамошни потреби за примена на одредбите од Законот за архивски материјал;

Во рамките на проектот за имплементација на ISO 9001:2008 во Царинската управа, донесени се следните упатства со кои се регулира работењето со системот:

- **Упатство за примена на хартиени документи во случај на технички проблеми во EXIM** со кое се уредува начинот на постапувањето на Царинската управа и органите корисници на системот при сериозен технички проблем или прекин во неговото функционирање, со што се обезбедува непречност во процесот на издавање на дозволите во хартиена форма како алтернатива на дигиталната обработка на податоците;
- **Услови и правила за регистрација и за користење на EXIM** со кое се уредува начинот и постапката на регистрација и користењето на системот од страна економските оператори;
- **Упатство за примена на надлежностите на Царинската управа за управување со EXIM**, со кое, согласно Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на EXIM[7], се уредуваат дејствијата на организационите единици за начинот на примена на надлежностите за управување со системот;
- **Упатство за распределба на тарифни квоти според принципот „прв дојден, прв корисник“** за уредување на начинот и постапката која ја спроведуваат организационите единици на Царинската управа при распределувањето на тарифните квоти преку EXIM;
- **Упатство за обработка на дозволите за увоз, извоз и транзит на стока преку EXIM** со што е уреден начинот на обработката на дозволите, од страна на царинските службеници од надлежните царински испостави, издадени преку EXIM;
- **Корисничко упатство за обработка на тарифните квоти преку EXIM** во кое се опишува начинот на користење на системот од царинските службеници при распределување на тарифни квоти според принципот „прв дојден, прв корисник";
- **Корисничко упатство за обработка на транспортните дозволи опфатени во EXIM** во кое се опишува начинот на користење на системот од царинските службеници при обработката на транспортните дозволи;
- **Корисничко упатство за администрација на EXIM** во кое се опишува начинот на користење на функционалностите за администрација на системот од царинските службеници.

На крајот од третиот квартал од 2013 година, во EXIM беа **регистрирани 4.361 економски оператори** – корисници на системот, кои преку 11[8] (од 16 регистрирани)

[7] „Сл.весник на РМ“ број 134/2008 и 13/2011

[8] Покрај овие 11, во постапката на издавање на дозволи преку системот индиректно се вклучени уште 2 државни органи.

| СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА НА EXIM | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | 2012 | 2013 | | | |
| | | Q1 | Q2 | Q3 | Вкупно |
| Број на инволвирани државни институции | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| Број на дозволи кои може да се добијат од EXIM | 62 | 62 | 60 | 59 | 59 |
| Број наекономски оператори корисници на EXIM | 3,540 | 3,847 | 4,132 | 4,361 | 4,361 |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи преку EXIM | 71,467 | 17,630 | 19,277 | 17,965 | 54,872 |
| Поднесени барања за тарифни квоти преку EXIM | 4,091 | 927 | 987 | 816 | 2,730 |
| Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM | 1,5 часа | 2,4 часа | 2 часа | 2,8 часа | 2,4 часа |

државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, во EXIM можеа да аплицираат за 59[9] **различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи и тарифни квоти.** Во текот на третиот квартал од 2013 преку EXIM се **издадени 17.965 дозволи, односно 54.872 дозволи за првите три квартали од 2013 година. Просечното време за добивање на овие дозволи во третиот квартал изнесуваше околу 2,8 часа.**[10]

| БРОЈ НА УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ ИЗДАДЕНИ ПРЕКУ EXIM | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Име на дозволата | 2012 | 2013 | | | |
| | | Q1 | Q2 | Q3 | Вкупно |
| Одобрение за увоз на ветринарно медицински препарати | 145 | 41 | 43 | 34 | 118 |
| Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | 432 | 122 | 165 | 127 | 414 |
| Ветеринарен влезен документ за живи животни | 609 | 115 | 136 | 148 | 399 |
| Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 12,893 | 2,891 | 3,253 | 3,293 | 9,437 |
| Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | 27,375 | 6,157 | 7,566 | 6,945 | 20,668 |
| Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | 106 | 24 | 42 | 27 | 93 |
| Дозвола за извоз на прекурзори | 164 | 29 | 41 | 35 | 105 |
| Дозвола за извоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 524 | 120 | 127 | 106 | 353 |
| Дозвола за увоз на прекурсори | 220 | 64 | 51 | 65 | 180 |
| Одобрение за увоз на лекови | 3,226 | 895 | 868 | 827 | 2,590 |
| Одобрение за увоз на медицински помагала | 3,717 | 1,035 | 1,049 | 997 | 3,081 |
| Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | 1,146 | 353 | 300 | 336 | 989 |
| Дозвола за увоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 143 | 44 | 40 | 33 | 117 |
| Дозвола за транспорт/транзит на опасни материи | 907 | 293 | 291 | 293 | 877 |
| Согласност за царинење на предмети за општа употреба | 8,237 | 1,884 | 2,188 | 2,199 | 6,271 |
| Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри | 9,464 | 2,919 | 2,294 | 1,853 | 7,066 |
| Одобрение за увоз на производи за заштита на растенијата | 140 | 100 | 85 | 2 | 187 |
| Уверение за извоз и изнесување на незаштитени културни добра | 266 | 127 | 140 | 131 | 398 |
| Други дозволи | 1,753 | 417 | 598 | 514 | 1,529 |
| **Вкупно:** | **71,467** | **17,630** | **19,277** | **17,965** | **54,872** |

Најголем број од издадените дозволи се однесуваат на увоз на прехранбени производи (20,1 илјади), ветеринарни документи (9,4 илјади), потврди за органолептички преглед (7,1 илјада), согласности за царинење на стока за општа употреба (6,3 илјади) и лекови и медицински помагала (5,7 илјади).

[9] Со Одлуката за изменување на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз („Сл. Весник на РМ“ бр. 92/2013) од 2 јули 2013 укинато е Одобрението за увоз на производи за заштита на растенијата, со што бројот е намален од 60 на 59.

[10] Просечно време на издавање на дозволите се пресметува месечно како просек од времето за издавање на десет дозволи со обем поголем од 90% од вкупниот број на издадени дозволи во тековниот месец. Врз просечното време во третиот квартал значително влијаеше зголемувањето на времетраењето на издавање на дозволите од страна на Бирото за лекови, во јули и август, од причина што истите имаа периодични проблеми со потпишување на дозволите, предизвикани од повремена недостапност на серверот на една од компаниите, преку кој системот врши проверка на дигиталните сертификати на Бирото за лекови.

## *Електронско управување со царински постапки со економски ефект - E_Lohn*

Системот E_Lohn овозможува електронско аплицирање и добивање одобренија за сите видови на постапки со економски ефект и следење на раздолжувањето на постапката на увоз за облагородување, преку размена на електронски пораки помеѓу имателите на одобренија и надзорниот царински орган. Со овој систем се овозможуваат следните придобивки за економските оператори: поднесување на документите во електронска форма, со што се остварува максимална заштеда во време и средства; автоматизирана контрола и проверка на поднесените документи; забрзување на постапката за обработка на поднесени документи; целосна транспарентност на постапката бидејќи во секој момент се има увид во која фаза е документот и автоматска споредба на податоците од поднесените документи со податоците во системот за обработка на царински декларации.

| КОРИСТЕЊЕ НА СИСТЕМОТ E_LOHN | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | 2012 | 2013 | | | |
| | | Q 1 | Q 2 | Q3 | Вкупно |
| **Број на корисници** | **197** | **228** | **248** | **253** | **253** |
| **Одобрени барања** | **60** | **343** | **837** | **844** | **2,024** |
| Одобрение за увоз за облогородување | 4 | 93 | 26 | 6 | 125 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 0 | 2 | 2 | 2 | 6 |
| Одобрение за привремен увоз | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Одобрение за царинско складирање | 1 | 6 | 2 | 0 | 8 |
| Преработка под царинска контрола | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Поедноставен привремен увоз | 16 | 130 | 668 | 678 | 1,476 |
| Поедноставен увоз за облагородување | 13 | 10 | 11 | 15 | 36 |
| Поедноставен извоз за облагородување | 24 | 101 | 128 | 143 | 372 |
| **Разменети пораки преку системот** | **575** | **2,428** | **3,876** | **3,712** | **10,016** |
| Раздолжување редовен извоз | 246 | 1,320 | 2,335 | 2,280 | 5,935 |
| Раздолжување конечно царинење | 27 | 47 | 58 | 36 | 141 |
| Раздолжување повторен извоз | 46 | 190 | 267 | 350 | 807 |
| Раздолжување - уништување | 36 | 86 | 252 | 227 | 565 |
| Нормативи | 133 | 320 | 267 | 317 | 904 |
| Раздолжување увоз за облагородување | 87 | 465 | 697 | 502 | 1,664 |

Во текот на третиот квартал од 2013 година, користењето на системот продолжи да се интензивира. На крајот на септември 2013 година во E-Lohn беа **вклучени 253 корисници**, што е за 56 повеќе во однос на 2012 година. До крајот на септември 2013 година се **прифатени 2.024 барања** на економските оператори поднесени преку E_Lohn до Царинската управа и се издадени исто толку одобренија. Најголем број од издадените одобренија се однесуваат на одобренија за привремен увоз издадени врз основа на поедностаставени барања за привремен увоз (1.476), одобренија за извоз за облагородување издадени врз основа на поедноставени барања за извоз за облагородување (372) и одобренија за увоз за облагородување (125[11]).

Во овој период се интензивира користење на E_Lohn системот за разменување пораки со Царинската управа за следење на постапката за увоз за облагородување. За девет месеци во 2013 година се **разменети 10.016 пораки**. Најголем дел од разменетите пораки се однесуваат на Спецификации за раздолжување по основ на извоз на главно добиените производи (5.935 пораки) и Извештаи за раздолжување (1.664 пораки). Царинската управа продолжи со промоција на E-Lohn системот, со цел олеснување и

[11] Податокот се однесува на нови одобренија и на измени и дополнувања на претходно издадени одобренија

забрзување на постапката за издавање на одобренија за постапки со економски ефект и олеснување и забрзување на следењето и раздолжувањето на постапката на увоз за облагородување, со целосно заменување на хартиеното работење со размена на електронски пораки.

## *Портал за електронска комуникација (ПЕК)*

Во рамки на Интегрираниот информативен систем на Царинската управа, на интернет страницата на Царинската управа е поставен Портал за електронска комуникација – ПЕК, преку кој **надворешните корисници можат да пребаруваат над 70 стандардни, електронски контролирани барања**, кои во Царинската управа електронски се архивираат, процесираат и враќаат до барателите. Преку ПЕК корисниците добиваат достапност на услугите на Царинската управа 24/7, заштеда на време и трошоци поради електронско поднесување и преземање на документацијата и намалување на времето потребно за добивање одговор на барањата. Најчести електронски барања преку ПЕК се: Барање за ослободување од плаќање на увозни давачки, Барање за поедноставена постапка при извоз, Барање за продолжување на рок, Барање за поедноставена постапка при увоз, Барање за уништување на стока, Барање за непотполна декларација.

На крајот на септември 2013 година во ПЕК беа **регистрирани 376 надворешни корисници**. Надворешните корисници преку ПЕК до Царинската управа во текот на септември доставија **2.430** барања од кои 737 **беа одобрени**, додека пак во третиот квартал 2013 година преку ПЕК се поднесени 6.993 барања од кои 2.474 беа одборени. Најголем дел од издадените барања се однесуваат на ослободување од плаќање на увозни давачки (1.407), по кое следат поедноставените постапки при извоз (643).

| КОРИСТЕЊЕ НА ПЕК | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Опис | 2012 | 2013 | | | |
| | | Q 1 | Q 2 | Q3 | ВКУПНО |
| **Број на корисници** | **351** | **362** | **371** | **376** | **376** |
| **Примениа барања** | **19,736** | **5,121** | **6,734** | **6,993** | **18,848** |
| Барање за ослободување плаќање на увозни давачки | 6,738 | 1,216 | 1,671 | 1,407 | **4,294** |
| Општо барање | 5,342 | 1,333 | 1,418 | 1,571 | **4,322** |
| Барање поедноставена постапка при извоз | 1,378 | 537 | 580 | 643 | **1,760** |
| Барање за продолжување на рок | 1,077 | 175 | 241 | 325 | **741** |
| Барање поедноставена постапка при увоз | 874 | 176 | 319 | 321 | **816** |
| Барање за уништување на стока | 362 | 154 | 68 | 69 | **291** |
| Барање непотполна декларација | 57 | 509 | 1,372 | 1,254 | **3,135** |
| Останати барања | 3,908 | 1,021 | 1,065 | 1,403 | **3,489** |
| **Одобрени барања** | **11,430** | **2,310** | **2,411** | **2,474** | **7,195** |
| Барање за ослободување плаќање на увозни давачки | 4,806 | 821 | 822 | 877 | **2,520** |
| Барање | 1,841 | 379 | 473 | 404 | **1,256** |
| Барање поедноставена постапка при извоз | 1,212 | 485 | 525 | 515 | **1,525** |
| Барање за продолжување на рок | 671 | 119 | 75 | 151 | **345** |
| Барање поедноставена постапка при увоз | 766 | 138 | 155 | 224 | **517** |
| Барање за уништување на стока | 260 | 24 | 34 | 17 | **75** |
| Барање непотполна декларација | 28 | 7 | 3 | 2 | **12** |
| Останати барања | 1,846 | 337 | 324 | 284 | **945** |

## *Интероперабилност*[12]

Во третиот квартал 2013 година, Системот за интероперабилност беше користен од страна на 58 корисници од Царинската управа, при што се **извршени вкупно 1.465 пребарувања**, од кои 879 пребарувања во базите на податоци од Централниот

[12] Системот за интероперабилност претставува систем за меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци меѓу државните органи и институции при што податоците се превземаат по службена должност по електронски пат, а учесниците во царинската постапка при поднесување на различни барања не мораат да доставуваат во прилог одредени документи кои ги издаваат другите државни органи.

регистар и 586 пребарувања во базите на податоци на Управата за јавни приходи, со цел да се изврши проверка на деловните субјекти кои се јавуваат како учесници во царинските постапки. Во септември 2013 година беше склучен Договор за соработка и информации во електронска форма со Управата за јавни приходи.

# *Обем на извршени работи*

## *Царински и акцизни одобренија и лиценци*[13]

### Застапување во царински постапки

На крајот на третиот квартал на 2013 година, **330 економски оператори имаа одобрение за вршење работи на застапување во царински постапки**, што е за 2 повеќе во однос на крајот на 2012 година, додека бројот на физички лица - иматели на лиценци за вршење работи на застапување во царински постпаки изнесува 1.094, што е за 59 повеќе во однос на крајот на 2012 година и 181 повеќе во однос на крајот на 2011 година.

**СОСТОЈБА НА ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА**

| Вид на одобрение | 31.12. 2011 | 31.12. 2012 | Q1 | Q2 | Q3 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одобрение за царинско застапување** | **320** | **328** | **328** | **330** | **330** |
| **Лиценца за царинско застапување** | **913** | **1,035** | **1,043** | **1,071** | **1,094** |
| **Царински постапки со економски ефект** | **5,724** | **5,969** | **1,709** | **1,469** | **1,618** |
| Одобрение за увоз за облагородување | 219 | 182 | 179 | 181 | 178 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 12 | 14 | 12 | 15 | 13 |
| Одобрение за царинско складирање | 77 | 77 | 76 | 75 | 75 |
| Преработка под царинска контрола | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Одобренија за еднократна примена | 5,415 | 5,695 | 1,441 | 1,197 | 1,351 |
| **Поедноставени царински постапки** | **183** | **259** | **245** | **249** | **286** |
| Одобрение за локално царинење при увоз | 45 | 68 | 69 | 72 | 77 |
| Одобрение за локално царинење при извоз | 55 | 79 | 73 | 74 | 87 |
| Одобрение за овластен примач во транзит | 52 | 76 | 73 | 74 | 85 |
| Одобрение за овластен испраќач | 29 | 33 | 28 | 28 | 35 |
| Одобрение за поедноставено декларирање | 2 | 3 | 2 | 1 | 2 |
| **Задолжителна тарифна информација** | **405** | **419** | **469** | **446** | **463** |
| **Одобрение за одобрен извозник** | **57** | **77** | **79** | **83** | **89** |
| **Одобрение за одложено плаќање на долг** | | **108** | **110** | **140** | **151** |
| **Акцизи** | **388** | **395** | **393** | **392** | **397** |
| Акцизни дозволи | 95 | 83 | 84 | 82 | 81 |
| Одобренија за акцизно повластено користење | 293 | 312 | 309 | 310 | 316 |
| **Вкупно** | **7,990** | **8,590** | **4,376** | **4,180** | **4,428** |

### Царински постапки со економски ефект

Најзастапен вид царинска постапка со економски ефект е увозот за облагородување, по што следи извозот за облагородување и царинско складирање. Имателите на ваков вид на одобренија во најголем процент припаѓаат на текстилната индустрија, по што следат иматели од областа на чевларската индустрија и металургијата. На крајот на **третиот квартал во** 2013 година **178 трговски друштва се иматели на одобрение за увоз за облагородување**, **13 трговски друштва поседуваат одобрение за извоз за облагородување., додека 75** трговски друштва поседуваат одобрение за царинско складирање.

**ИЗДАДЕНИ ОДОБРЕНИЈА ЗА ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ СО ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТ ЗА ЕДНОКРАТНА УПОТРЕБА**

| Вид на одобрение | 31.12. 2011 | 31.12. 2012 | Q1 | Q2 | Q3 |
|---|---|---|---|---|---|
| Поедноставено одобрение за увоз за | 73 | 136 | 31 | 28 | 23 |
| Одобрение за просторија привремено чување | 14 | 17 | 7 | 8 | 4 |
| Одобрение за крајна употреба | 8 | 10 | 3 | 17 | 0 |
| Одобрение за привремен увоз целосно | 4,516 | 4,792 | 1,214 | 938 | 1,110 |
| Одобрение за привремен увоз делумно | 221 | 156 | 17 | 44 | 32 |
| Одобрение за привремен извоз заради поправка | 583 | 584 | 169 | 162 | 182 |
| **Вкупно** | **5,415** | **5,695** | **1,441** | **1,197** | **1,351** |

Покрај претходно наведените одобренија за царински постапки со економски ефект кои имаат

[13] Податоците во табелата „Состојба на царински акцизни одобренија"се однесуваат на важечки одобрени на крајот на периодот, освен „Одобренија за еднократна употреба кои претставуваа вкупно издадени одобренија во периодот (година, квартал или месец).

повеќекратна употреба, Царинската управа издава и одобренија за царински постапки со економски ефект за еднократна употреба. На крајот на **третиот квартал** 2013 година се издадени **1.351** одобренија од овој вид од кои, **23** одобренија за поедноставено одобрение за увоз за облагородување, **1.110** одобренија за привремен увоз со целосно ослободување, **32** одобренија за привремен увоз со делумно ослободување и **182** одобренија за привремен извоз заради поправка.

## Поедноставени царински постапки

На крајот на третото тромесечје во 2013 година активни беа: 286 одобренија за поедноставени постапки од кои 77 одобренија за локално царинење при увоз и 87 одобренија за локално царинење при извоз, 85 одобренија за овластен примач во транзит, 35 одобренија за овластен испраќач и 2 одобренија за поедноставено декларирање при извоз. На крајот на 2012 година активни беа 259 одобренија за поедноставени постапки од кои 68 одобренија за локално царинење при увоз и 79 одобренија за локално царинење при извоз, 76 одобренија за овластен примач во транзит, 33 одобренија за овластен испраќач и 3 одобренија за поедноставено декларирање. Отука произлегува дека континуираното зголемување на бројот на одобренија за поедноставените царински постапки значи зголемување на капацитетот на економските оператори и на Царинската управа за управување со ризиците, но воедно овозможува и забрзување на увозот и извозот и намалување на трошоците.

## Задолжителна тарифна информација (ЗТИ)

**Заклучно со третиот квартал 2013 година, важечки се 463 ЗТИ**. Задолжителната тарифна информација ја издава Царинската управа по писмено барање од стана на правно или физичко лице за утврдување на тарифната ознака за одреден тип на сока со цел да се утврдат царинските и другите давачки или примена на нетарифни мерки за планиран увоз или извоз. ЗТИ има важност од 3 години и придонесува за упростување и забрзување на царинските постапки во делот на тарифно распоредување на стоките, за зголемување на предвидливоста на царинското постапување на економските оператори, како и за еднообразна примена на Царинската тарифа и правилна наплата на царинските давачки. Барањата за задолжителна информација за потекло сеуште не се заживеани.

## Одобрение за одобрен извозник

Во септември 2013 година издадено е едно одобрение за одобрен извозник. Бројот на издадени одобренија за одобрен извозник на 2012 година изнесуваше 77. Овој број континуирано се зголемува во текот на 2013 година, односно се зголемува и листата на одобрени извозници иматели на ова одобрение, па така вкупниот број на активни издадени одобренија за одобрен извозник заклучно со септември 2013 година изнесува 89. Со издавање на одобрението за одобрен извозник на имателот му се овозможува поедноставување на постапката за докажување на потеклото односно му се овозможува да изготвува изјави во фактура со кои го докажува преференцијаното потекло без разлика на вредноста на стоката за која се однесува изјавата. Ова е особено важно доколку извозникот веќе поседува и одобрение за локално царинење и

извозната постапка ја извршува надвор од царинските терминали и надвор од работното време.

### Одобренија за одложено плаќање на царински долг

На крајот на септември 2013 година беа активни **151 одобренија за одложено плаќање на царински долг**, што е за 43 одобренија повеќе во однос на крајот на 2012 година.

### Одобренија за акцизно повластено користење и акцизни дозволи

На крајот на третиот квартал 2013 година **вкупниот број на активни акцизни дозволи по економски оператори изнесува 81**. На крајот на третиот квартал 2013 година **вкупниот број на активни одобренија за акцизно повлестено користење** по економски оператори изнесува **316.**

## *Преференцијално потекло на стоките*

Република Македонија има склучено договори за слободна трговија со Турција, Украина и државите членки на ЕУ, ЕФТА и ЦЕФТА. **Вкупно реализираниот надворешен трговски промет заклучно со септември 2013 година, за кој е користен доказ за преференцијално потекло, изнесува 204,1 милијарди денари**. Најголем дел од овој промет е остварен со земјите членки на ЕУ и изнесува 156 милијарди денари или 76,4%, што е приближно еднакво како и во истиот период во 2012 година. Размената со земјите членки на ЦЕФТА заклучно со септември 2013 година изнесува 38,3 милијарди денари или 18,8% од вкупно остварениот промет со преференцијално потекло, што е за 16 процентни поени помалку во однос на истиот период во 2012 година кога изнесува 45,5 милијарди денари и тоа особено при трговската размена со Косово каде што се забележува намалување за 40 процентни поени.

**ВКУПНО КОРИСТЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА**
**(Во милијарди денари)**

| Договорна страна | 2012 | | Увоз и извоз во 2013 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Q 1 | | Q 2 | | Q 3 | | Σ | |
| | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % | МКД | % |
| ЕУ | 208.8 | 73.9 | 46.7 | 77.5 | 53.5 | 73.8 | 55.8 | 78.2 | 156.0 | 76.4 |
| ЕФТА | 1.2 | 0.4 | 0.3 | 0.5 | 0.4 | 0.6 | 0.6 | 0.9 | 1.3 | 0.6 |
| ЦЕФТА | 61.0 | 21.6 | 10.9 | 18.0 | 15.3 | 21.1 | 12.2 | 17.0 | 38.3 | 18.8 |
| Албанија | 3.5 | 1.2 | 0.6 | 1.1 | 1.1 | 1.5 | 0.9 | 1.3 | 2.6 | 1.3 |
| Б и Х | 6.4 | 2.3 | 1.2 | 1.9 | 1.6 | 2.2 | 1.5 | 2.2 | 4.3 | 2.1 |
| Црна Гора | 1.6 | 0.5 | 0.3 | 0.5 | 0.4 | 0.5 | 0.4 | 0.6 | 1.1 | 0.5 |
| Косово | 13.5 | 4.8 | 2.0 | 3.4 | 2.3 | 3.1 | 2.3 | 3.3 | 6.6 | 3.2 |
| Србија | 27.5 | 9.7 | 5.1 | 8.4 | 7.3 | 10.1 | 6.9 | 9.7 | 19.3 | 9.5 |
| Хрватска* | 8.5 | 3.0 | 1.7 | 2.8 | 2.7 | 3.7 | 0.0 | 0.0 | 4.4 | 2.1 |
| Молдавија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Турција | 11.0 | 3.9 | 2.4 | 4.0 | 3.1 | 4.3 | 2.7 | 3.8 | 8.2 | 4.0 |
| Украина | 0.6 | 0.2 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.2 | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 0.1 |
| **Вкупно** | **282.5** | **100.0** | **60.2** | **100.0** | **72.5** | **100.0** | **71.4** | **100.0** | **204.1** | **100.0** |

*** Почнувајќи од 01.07.2013 година, податоците за Хрватска се вклучени во податоците за ЕУ**

| 3 ЦИ Скопје 3 | 75.0 | 27.6 | 6.7 | 3.1 | -68.3 | 9.0 | 94.3 | 28.6 | 6.5 | 1.6 | -87.8 | 6.9 | 140.2 | 33.6 | 7.3 | 3.6 | -132.9 | 5.2 | 309.5 | 30.4 | 20.5 | 2.5 | -289.0 | 6.6 |
| 4 ЦИ Скопје 4 | 0.7 | 0.3 | 1.8 | 0.8 | 1.1 | 246.6 | 1.0 | 0.3 | 1.2 | 0.3 | 0.2 | 115.6 | 3.0 | 0.7 | 0.5 | 0.3 | -2.4 | 18.4 | 4.7 | 0.5 | 3.5 | 0.4 | -1.2 | 75.1 |
| 5 ЦИ Слободна зона | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 152.8 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 61.5 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 26.2 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 45.3 |
| 6 ЦИ Пошта Скопје | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 22.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 201.9 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 21.1 |
| 7 ЦИ Трубарево | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -0.1 | 0.0 |
| 8 ЦИ Аеродром Скопје | 0.2 | 0.1 | 0.5 | 0.2 | 0.2 | 193.1 | 0.6 | 0.2 | 0.9 | 0.2 | 0.3 | 145.2 | 0.7 | 0.2 | 0.0 | 0.0 | -0.7 | 0.1 | 1.6 | 0.2 | 1.3 | 0.2 | -0.2 | 84.4 |
| 9 ЦИ Блаце | 0.3 | 0.1 | 1.3 | 0.6 | 1.0 | 452.9 | 0.7 | 0.2 | 2.1 | 0.5 | 1.3 | 288.4 | 1.3 | 0.3 | 2.5 | 1.3 | 1.3 | 200.6 | 2.3 | 0.2 | 5.9 | 0.7 | 3.6 | 260.4 |
| 10 ЦИ Тетово | 0.0 | 0.0 | 0.4 | 0.2 | 0.3 | 1,242.5 | 0.0 | 0.0 | 1.2 | 0.3 | 1.1 | 2,880.8 | 0.0 | 0.0 | 0.8 | 0.4 | 0.8 | 1,998.5 | 0.1 | 0.0 | 2.3 | 0.3 | 2.2 | 2,112.3 |
| **Царинарница Куманово** | **15.6** | **5.7** | **11.4** | **5.3** | **-4.2** | **73.1** | **14.8** | **4.5** | **12.6** | **3.2** | **-2.2** | **85.0** | **16.5** | **4.0** | **10.3** | **5.1** | **-6.2** | **62.2** | 46.9 | **4.6** | 34.2 | **4.2** | **-12.7** | **73.0** |
| 11 ЦИ Куманово | 9.4 | 3.4 | 5.9 | 2.7 | -3.5 | 62.8 | 8.0 | 2.4 | 6.7 | 1.7 | -1.2 | 84.3 | 8.7 | 2.1 | 3.3 | 1.6 | -5.4 | 37.6 | 26.0 | 2.6 | 15.8 | 1.9 | -10.1 | 61.0 |
| 12 ЦИ Табановце | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 55.5 | 0.0 | 0.0 | 1.0 | 0.5 | 1.0 | ##### | 0.0 | 0.0 | 1.0 | 0.1 | 1.0 | 3,346.3 |
| 13 ЦИ Деве Баир | 6.3 | 2.3 | 5.6 | 2.6 | -0.7 | 88.3 | 6.8 | 2.1 | 5.8 | 1.5 | -1.0 | 86.0 | 7.8 | 1.9 | 6.0 | 3.0 | -1.8 | 77.0 | 20.9 | 2.0 | 17.4 | 2.1 | -3.5 | 83.3 |
| **Царинарница Штип** | **28.5** | **10.5** | **18.0** | **8.3** | **-10.5** | **63.2** | **27.9** | **8.5** | **23.8** | **6.0** | **-4.1** | **85.2** | **34.4** | **8.3** | **25.9** | **12.9** | **-8.5** | **75.2** | 90.8 | **8.9** | 67.7 | **8.3** | **-23.2** | **74.5** |
| 14 ЦИ Штип | 24.0 | 8.8 | 15.0 | 6.9 | -9.0 | 62.3 | 23.2 | 7.0 | 18.7 | 4.7 | -4.5 | 80.5 | 29.8 | 7.2 | 21.9 | 10.9 | -7.9 | 73.5 | 77.1 | 7.6 | 55.6 | 6.8 | -21.5 | 72.1 |
| 15 ЦИ Делчево | 1.0 | 0.4 | 1.8 | 0.8 | 0.8 | 182.0 | 0.8 | 0.2 | 3.6 | 0.9 | 2.8 | 466.0 | 0.6 | 0.1 | 3.1 | 1.6 | 2.5 | 537.7 | 2.3 | 0.2 | 8.5 | 1.0 | 6.2 | 364.1 |
| 16 ЦИ Велес | 3.5 | 1.3 | 1.2 | 0.6 | -2.3 | 35.3 | 3.9 | 1.2 | 1.5 | 0.4 | -2.4 | 38.4 | 4.0 | 1.0 | 0.8 | 0.4 | -3.2 | 20.7 | 11.4 | 1.1 | 3.6 | 0.4 | -7.8 | 31.2 |
| **Царинарница Гевгелија** | **43.9** | **16.1** | **55.9** | **25.7** | **12.0** | **127.3** | **50.2** | **15.2** | **111.9** | **28.3** | **61.6** | **222.7** | **50.9** | **12.2** | **117.0** | **58.2** | **66.1** | **229.7** | 145.1 | **14.2** | 284.8 | **35.0** | **139.7** | **196.3** |
| 17 ЦИ Гевгелија | 43.0 | 15.8 | 53.3 | 24.5 | 10.3 | 124.0 | 48.7 | 14.8 | 107.9 | 27.3 | 59.2 | 221.6 | 49.3 | 11.8 | 111.2 | 0.0 | 61.8 | 225.4 | 141.0 | 13.8 | 272.3 | 33.5 | 131.4 | 193.2 |
| 18 ЦИ Кавадарци | 0.0 | 0.0 | 0.2 | 0.1 | 0.2 | 1,318.8 | 0.0 | 0.0 | 1.0 | 0.3 | 0.9 | 2,077.6 | 0.0 | 0.0 | 3.6 | 111.2 | 3.6 | 11,526.6 | 0.1 | 0.0 | 4.8 | 0.6 | 4.7 | 5,088.4 |
| 19 ЦИ Струмица | 0.1 | 0.0 | 0.2 | 0.1 | 0.1 | 325.5 | 0.1 | 0.0 | 1.1 | 0.3 | 1.0 | 809.7 | 0.1 | 0.0 | 1.1 | 3.6 | 1.0 | 1,256.3 | 0.3 | 0.0 | 2.4 | 0.3 | 2.1 | 841.7 |
| 20 ЦИ Ново Село | 0.9 | 0.3 | 2.2 | 1.0 | 1.4 | 254.5 | 1.3 | 0.4 | 1.8 | 0.5 | 0.5 | 136.0 | 1.5 | 0.4 | 1.2 | 1.1 | -0.3 | 77.5 | 3.7 | 0.4 | 5.2 | 0.6 | 1.5 | 140.4 |
| **Царинарница Битола** | **12.9** | **4.7** | **10.6** | **4.9** | **-2.3** | **82.4** | **15.2** | **4.6** | **9.4** | **2.4** | **-5.7** | **62.2** | **15.3** | **3.7** | **6.1** | **3.0** | **-9.2** | **39.9** | **43.3** | **4.3** | **26.1** | **3.2** | **-17.2** | **60.3** |
| 21 ЦИ Битола | 8.2 | 3.0 | 3.3 | 1.5 | -4.9 | 39.9 | 8.2 | 2.5 | 3.7 | 0.9 | -4.5 | 45.4 | 7.5 | 1.8 | 1.7 | 0.8 | -5.8 | 22.5 | 23.9 | 2.4 | 8.7 | 1.1 | -15.3 | 36.3 |
| 22 ЦИ Меџитлија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.2 | 0.1 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 81.5 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 851.9 | 0.1 | 0.0 | 0.2 | 0.0 | 0.1 | 210.7 |
| 23 ЦИ Прилеп | 0.0 | 0.0 | 3.8 | 1.7 | 3.8 | 118,604.5 | 0.7 | 0.2 | 2.3 | 0.6 | 1.7 | 352.9 | 1.7 | 0.4 | 1.3 | 0.7 | -0.3 | 81.1 | 2.3 | 0.2 | 7.4 | 0.9 | 5.1 | 320.9 |
| 24 ЦИ Охрид | 2.1 | 0.8 | 1.5 | 0.7 | -0.6 | 71.6 | 2.6 | 0.8 | 1.4 | 0.4 | -1.2 | 54.9 | 2.5 | 0.6 | 0.9 | 0.4 | -1.7 | 33.9 | 7.2 | 0.7 | 3.8 | 0.5 | -3.4 | 52.5 |
| 25 ЦИ Охрид аеродром | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 26 ЦИ Струга | 2.6 | 0.9 | 2.1 | 1.0 | -0.5 | 80.9 | 3.6 | 1.1 | 1.9 | 0.5 | -1.7 | 52.1 | 3.6 | 0.9 | 2.1 | 1.1 | -1.5 | 59.0 | 9.8 | 1.0 | 6.1 | 0.7 | -3.7 | 62.2 |
| 27 ЦИ Ќафасан | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно** | **272.1** | **100.0** | **217.3** | **100.0** | **-54.8** | **79.9** | **329.9** | **100.0** | **395.4** | **100.0** | **65.5** | **119.8** | **416.7** | **100.0** | **201.2** | **100.0** | **-215.5** | **48.3** | **1,018.8** | **100.0** | **813.9** | **100.0** | **-204.9** | **79.9** |

## Просечни и пондерирани царински стапки

Просечната пондерирана царинска стапка за третиот квартал 2013 година изнесува 1,45% додека кумулативно, просечната пондерирана стапка изнесува 1,38%, за разлика од 2012 година кога просечната пондерирана царинска стапка изнесувала 1,31%.

| ПОНДЕРИРАНИ ЦАРИНСКИ СТАПКИ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Години** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **Q1 2013** | **Q2 2013** | **Q3 2013** | **Q1+Q2+ Q3** |
| **(%)** | 2.76 | 2.45 | 2.14 | 2.46 | 1.82 | 1.24 | 1.31 | 1.34 | 1.38 | 1,45 | 1,38 |

## *Основи*

Царинската управа е должна да спроведува контроли на примената на законите од аспект на наплатата на буџетските приходи, спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување трговија со забранета стока и финансирање тероризам, заштита на животот и здравјето на луѓето, како и заштита на животната средина и културното наследство. Во 2013 година Царинската управа продолжи да ги унапредува системите за анализа на ризик, царинско разузнавање, контрола на трговски друштва и работа на специјалните единици.

Во текот на третиот квартал од 2013 година **Комитетот за контрола и безбедност одржа три седници.** Притоа, Комитетот даде препорака да се превземат засилени мерки и активности за контрола на стоки и патници како на граничните царински испостави така и во внатрешните царински испостави, како и да се преземат активности за промоција на увозното царинење на влезните гранични испостави. Комитетот го разгледа предлог Меморандумот за соработка помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Државен инспекторат за транспорт, ги анализираше Процедурата за постапување при откривање на прекршок и натамошно спроведување на прекршочната постапка и корисничкото Упатство за постапување на царинските службеници при изрекување на мандатни казни и водење на прекршочната постапка во ЕДМС. Од страна на Комитетот беше потврдена можноста за определување на гранични испостави каде ќе се врши царинење на акцизни стоки, и препорача при изготвувањето на насока да се има во предвид спацифичноста на постапката за царинење на акцизни стоки.

**Комитетот за управување со ризик** во текот на третиот квартал 2013 година одржа три седници на кои беа разгледани информацијата добиена од АМЕРИТ за имплементацијата на проектите Safe-TIR и TIR-EPD, повеќе извештаи за обемот на работа на царинските испостави, информациите за реализацијата на Годишниот акционен план за спроведување на стратегијата за управување со ризик и Билтенот за квантитативни податоци за увозот и извозот за месец јуни, јули и август 2013. Комитетот заклучи дека покрај месечните билтени за квантитативни податоци за увозот и извозот, потребно е да се изготвуваат и квартални и полугодишни билтени, со кои ќе обезбедат подобар увид за состојбите. Комитетот препорача интензивирање на активностите за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Царинската управа на Република Македонија и JAT Airways Белград, чија цел е интензивирање и продлабочување на взаемната соработката. Исто така, Комитетот оствари активности за размена на искуства со други надлежни органи во врска со критериумите за селекција и методи за анализа на ризик при селектирање на лица кои би биле внесени во т.н. стоп листа, со што би се намалил ризикот од нарушување на слободното движење на физички лица преку граничната линија.

Во третиот квартал од 2013 година Царинската управа донесе повеќе стратегии, и тоа:

- **Стратегија за спречување на неовластена трговија со наркотички средства, средства кои го загрозуваат здравјето на луѓето 2013-2015 година**. Стратегијата има за цел намалување на трговијата и побарувачката на дрога, превенција на организираниот криминал со наркотички средства и спречување на финансирање

на тероризам и перење пари, превенција од користење на дрога преку подигање на свеста кај луѓето, а посебно децата и младите и друго.

- **Стратегија за меѓусебно признавање на царински контроли со соседните држави 2013-2015 година и Акционен план за спроведување на Стратегија за меѓусебно признавање на царински контроли со соседните држави 2013-2015 година**. Целта на истата е да се обезбеди олеснување, забрзување и поедноставување на царинските постапки, намалување на трошоците и зголемување на конкурентноста на македонската економија, како и забрзување на протокот на луѓе и стока во Република Македонија.
- **Стратегија за спречување на недозволена трговија со оружје 2013 - 2015 година**. Стратегијата има за цел намалување на нелегалната трговијата и побарувачката на оружје, превенција од организираниот криминал со оружје и спречување на перење пари како и финансирање на тероризам. Со неа ќе се овозможи постојано следење на состојбите во оваа област, развивање на ефективни и ефикасни разузнавачки активности и подобрување на капацитетите за анализа на ризик, подобрување на заемна соработка меѓу државните институции и домашните производители и трговски компании, зајакнување на граничната контрола на легалните гранични премини и зелените појаси. **Истата, ќе обезбеди целосна контрола на увозот, извозот и транзитот на оружј**е, муниција и распрскувачки материи, заштита на животот, здравјето и безбедноста на луѓето.

# *Унапредување на административниот капацитет*

## *Контроли и истраги*

Покрај унапредувањата реализирани во првата половина од 2013, како и во претходниот период, во третиот квартал од 2013 година Царинската управа донесе **ново Корисничко упатство за работа со базата на податоци за управување со предмети** (CASE DATA BASE) со кое се уредува начинот на користење и ажурурање на базата на податоци за управување со предмети која се води во Одделението за истраги.

## *Управување со ризици*

Управувањето со ризици претставува основно средство за спроведување на царинска контрола со цел поблиско профилирање и селектирање на таргетите, без непотребно одолговлекување и оптоварување на легалната трговија, поради што оваа област е предмет на перманентно уредување и унапредување од страна на Царинската управа. Покрај воспоставените системи во претходните периоди и во првата половина од 2013 година, во третиот квартал од 2013 година Царинската управа продолжи со надградба на системите за управување со ризик, при што донесе:

- **Процедура за превземање на дејства и постапување со информации** со која се уредува процесот за управување со ризици во Царинската управа, со цел да се постигне ефикасна и ефективна селекција на царински стоки и лица кои учествуваат во царинските постапки, рационално користење на расположивите

ресурси и овозможување на слободен проток со минимално потребно задржување за царинските стоки и лицата кои учествуваат во царинските постапки;

- **Процедура за управување со ризик,** со која се опишува Процесот на управување со ризикот и се обезбедува стандардна методологија за спроведување на управување со ризикот:
- **Измена на Упатството за поставување и следење на минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и за олеснување на трговијата**, со кои се зголемени минималните квантитативни таргети;
- **Корисничкото упатство за користење на модулот РААВИО за селекција на патници пред полетување на воздухоплови** и **Упатство за селекција на патници пред полетување на воздухоплови преку „РААВИО“ модулот**. Со овие упатства се уредува користењето на модулот РААВИО, кој овозможува автоматизирана селекција и анализа на ризик на патниците во авионскиот сообраќај кои ја напуштаат Република Македонија.
- **Упатство за работа со апликацијата за системска размена на податоци - Safe TIR и TIR EPD**. Преку апликацијата се овозможува размена на податоци по електронски пат помеѓу Царинската управа од една страна и корисниците на TIR карнети и IRU (International Road Transport Union) од друга страна. Истовремено, продолжено е со натаможен развој на апликацијата:
- **Упатство за работа и користење на системот за автоматско препознавање регистарски таблички**, со кое се уредува начинот на автоматско читање и препознавање на регистарските таблички на возилата кои минуваат низ царинските испостави и извршува нивно запишување во унифицирана база на податоци, како и компарација на податоци со претходно дефинирана база на регистарски таблички и има можност да алармира во зададени ситуациии:
- **Упатство за спроведување на царински надзор и контрола на стока со поголем ризик од измама** Со ова упатство се обезбедува пречистен текст односно сите досегашни измени се ставаат во еден интегрален текст и се бришат досега важечките временски ограничувања во поглед на увозот, извозот и транзитот на стока со ризик. Со ова се овозможува забрзување и поедноставување на прекуграничната трговија и транспортот на овие стоки односно намалување на трошоците на економските оператори и намалување на застојот на граничните премини.

Во третиот квартал од 2013 година се започнати и активности за утврдување и профилирање на ризици и начинот на вршење царински надзор во согласност со спецификите на пошти, брзи пратки и карго, стоково царинење поединечно за секоја царинска испостава (патен, железнички, авио итн.), патниците и личниот багаж за секој граничен премин поединечно (патен, авио и железнички сообраќај), поедноставени царински постапки, како и во царински складишта.

## *Контрола и истраги*

Покрај унапредувањета на системите за контроли и истраги реализирани во претходните периоди и првата половина од 2013 година, во третиот квартал од 2013 година Царинската управа изврши прилагодување на **Упатството за користење на системот за информирање (нотификации) за промена на податоци на компании и**

**статус на лица** согласно ИСО 9001:2008. Со ова Упатство се уредува начинот на користење на информации од посебен интерес, кои се однесуваат на поедини лица и компании, а се обезбедени од информативниот систем на Централниот Регистар на Република Македонија, преку користење на Системот за информирање (нотификации) за промена на податоци на компании и статус на лицата во истите.

# *Царинска и друга контрола*

## *Физичка царинска контрола*

**РЕЗУЛТАТИ ОД ЦАРИНСКА ФИЗИЧКА КОНТРОЛА ВО ЈАНУАРИ- СЕПТЕМВРИ 2013 ГОДИНА**

| Вид на наод | Ед. мерка | Q1 | | Q2 | | Q3 | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Количина | Акции | Количина | Акции | Количина | Акции | Количина | Акции |
| Спречување нелегна трговија со наркотички droги, психотропни супстанци и прекурзори | Кг | 518.70 | 12 | 172.12 | 9 | 39.58 | 6 | 730.40 | 27 |
| Спречување нелегална трговија си оружје и распрскувачки материи и предмет | Парче | 133 | 3 | 14 | 1 | 2706 | 6 | 2853 | 10 |
| Заштита на културното наследство | Парче | 26 | 1 | 48 | 2 | 0 | 0 | 74 | 3 |
| Спречување на нелегална трговија со живи животни | Паче | 240 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 240 | 1 |
| Спречување илегална имиграција | Лица | 137 | 20 | 41 | 13 | 77 | 20 | 255 | 53 |
| Спречување недозволено пренесување на готови пари и хартии од вредност (илјади евра) | Евра | 208 | 19 | 452 | 26 | 255 | 18 | 915 | 63 |
| Спречување неовластено тргување со лекови и медицински помагала | Парче | 24166 | 7 | 1364 | 4 | 282 | 5 | 25812 | 16 |
| Спречување неовластена трговија со прехранбени производи | Кг | 1772.00 | 10 | 531.00 | 7 | 670.00 | 10 | 2973.00 | 27 |
| Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи (илјади парчиња) | Парче | 316 | 35 | 156 | 23 | 268 | 29 | 740 | 87 |
| | Кг | 0.30 | | 45.20 | | 0.00 | | 45.50 | |
| Спречување забранета употреба на екстра лесно гориво | Парче | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со облека, модни дотатоци, текстилни производи, репроматеријали | Парче | 7038 | 23 | 19692 | 44 | 4287 | 17 | 31017 | 84 |
| | Kg | 5.50 | 1 | 141.00 | 0 | 356.00 | 1 | 502.50 | 2 |
| | ролни | 11 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 | 1 |
| | М | 961.00 | 3 | 2505.00 | 0 | 0.00 | 0 | 3466.00 | 3 |
| Спречување нелегална трговија со бижутерија, галантерија и предмети и накит од благородни метали | Парче | 5041 | 17 | 4845 | 19 | 9346 | 9 | 19232 | 45 |
| Спречување нелегална трговија со козметика, парфеми, средства за хигиена и сл. | Парче | 3487 | 12 | 44650 | 16 | 1460 | 10 | 49597 | 38 |
| Спречување нелегална трговија со други видови стоки | Парче | 8880 | 34 | 38223 | 58 | 6850 | 40 | 53953 | 132 |
| | Метри | 600.00 | 1 | 139.00 | 0 | 0.00 | 0 | 739.00 | 1 |
| | Кг | 0.00 | 0 | 0.00 | 0 | 3990.00 | 1 | 3990.00 | 1 |
| **Вкупно акции** | | | **200** | | **222** | | **172** | | **594** |

Со примена на системот за анализа на ризик, во период јануари-септември 2013 година, во соработка со други државни институции надлежни за контрола на примената на законите, како и врз основа на непосредна проценка на царинските службеници, физичката царинска контрола резултираше со над 594 успешни акции, меѓу кои поинтересни се подолу прикажаните заплени и привремено задржани стоки. Според бројот на акции и количината на привремено задржани и запленети предмети, евидентно е дека и покрај интензивните акции и резултати од акциите за спречување нелегална трговија со наркотички дроги, нелегалната трговија се манифестира со обиди за шверц и криумчарење на мали пратки на производи за широка потрошувачка што сеуште подлежат на увозни давачки.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

## Спречување нелегална трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори

Во третиот квартал од 2013 година, самостојно или во соработка со МВР откриени се 6 обиди за шверц на 40 кг наркотички дроги и тоа 37,2 кг марихуана и 2,43 кг хероин, односно, во првите девет месеци од 2013 година во 27 акции се запленети околу 730 кг наркотички дроги.

*На ГП Деве Баир при излез од државата во патничко моторно возило со молдависки рег.таблички откриени 12.39О грама марихуана сокриена во резервоарот за нафта.*



## Спречување нелегална миграција

Во третиот квартал од 2013 година во 2 обиди се откриени 77 илегални емигранти, односно во првите девет месеци од 2013 година во 53 случаи се откриени вкупно 255 илегални емигранти

*На Царинска испостава Железничка станица Гевгелија во товарен воз спречен обид за транспорт на илегалци низ Република Македонија каде на влез во државата се откриени 5 (пет) илегалци со потекло од Африка и Азија.*



## Спречување нелегална трговија со оружје, распрскувачки материи и предмети

Во третиотиот квартал од 2013 година во 6 наврати спречен е шверц на 2.706 парчиња на пиротехнички материјал, ловечка муниција, сигнален пиштол, односно во првите девет месеци од 2013 година во 10 случаи е спречен шверц на над 2.853 парчиња од овие производи.

*На ГП Богородица, при влез во Република Македонија спречен шверц на 1.250 парчиња ловечка муниција кај грчки државјанин, сокриена во патна торба и кутија од стиропол за храна.*



## Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи

Во третиот квартал од 2013 година во 29 случаи е спречен шверц на 268 илјади парчиња цигари и 45,25 килограми режан тутун, односно во првите девет месеци од 2013 година во 87 случаи е спречен шверц на околу 740 илјади парчиња цигари и 45,5 килограми режан тутун.



*На ГП Дојран при излез од државата, во возило со бугарски регистарски таблички, откриени 8.560 парчиња цигари сокриени под тапацирот во багажниот простор и во страничните фабрички шуплини кај задното седиште на возилото.*



*На ГП Делчево при излез од државата, во автобус со македонски регистарски таблички, откриени 8.550 парчиња цигари со македонски бандероли кои биле сместени во две патнички торби.*



*На граничен премин Табановце при излез од државата, во возило со романски регистарски таблички откриени 17 штеки цигари без акцизни бандероли.*



*На граничниот премин Аеродром Александар Велики, при излез од државата, за летот кој сообраќал на преку авионската компанија WIZZAIR кај четворица откриени 748 штеки цигари*

## Нелегална трговија со галантерија и накит

Во третиот квартал од 2013 година во 9 наврати е спречен шверц на накит и бижутерија со вкупна количина 9346 парчиња сребрен и златен накит и бижутерија, галантерија женски ташни и паричници како и наочари и футроли, односно во првите девет месеци од 2013 година во 45 случаи е спречен шверц на над 19230 парчиња од овие производи.



*На ГП Богородица при влез во Македонија, спречен обид за внес на непријавена стока, златен накит од 5 парчиња сотежина од 142 грама.*



*На ГП Ново Село при влез во Македонија, спречен обид за внес на непријавена и сокриена стока - 6 парчиња златни нараквици со тежина од 120 грама.*

## Спречување нелегален пренос на готови пари и хартии од вредност

Во третиот квартал од 2013 година се откриени 18 обиди за нелегално пренесување на странски готови пари и чекови на вкупен износ од 255 илјади евра, односно во последните девет месеци од 2013 година во 63 случаи се откриени над 915 илјади евра.



*На ГП Блаце спречен обид за нелегално изнесување на 37.600 швајцарски франци.*

## Спречување нелегална трговија со облека, модни дотатоци, текстилни производи, репроматеријали

Во третиот квартал од 2013 година во 18 наврати откриен е шверц на околу 4.290 парчиња готови текстилни производи и 356 кг материјал за изработка на текстилни производи и обувки. Во првите девет месеци од 2013 година во 84 случаи е откриен шверц на околу 31 илјади парчиња, 503 кг, 3.466 м и 11 ролни текстилни и др. видови на производи.



*На ГП Ќафасан на влез во Македонија откриени непријавени влечки, шорцеви, пешкири и др. производи во автобус*

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

## Спречување нелегална трговија со други видови стока

Во третиот квартал од 2013 година во над 41 случаи е спречен шверц на над 6.850 парчиња разни производи како авто делови, делови за компјутери, мобилни телефони, таблети, хемиски средства и други, односно во првите девет месеци од 2013 година во над 132 случаи е спречен шверц на над 45 илјади парчиња од овие производи.



*На ГП Деве Баир, на влез во Република Македонија, при контрола на автомобил со бугарски регистарски таблички, откриени непријавени 170 метални боксирачи, сокриена во фабричките празнини на возилото.*



*Мобилен тим при извршување на контрола по Охридско езеро во соработка со Капетанија и Езерска Полиција пронајде моторен чамец-глисер кој не поседувал соодветна документација.*

## Спречување неовластена трговија со лекови и медицински помагала

Во третиот квартал од 2013 година царинските службеници спречија 5 обиди на шверц со лекови во количина од 282 парчиња, односно во првите девет месеци од 2013 година во 16 акција се запленети околу 25.812 парчиња на разни лекови и медицински производи.




*На граничниот премин Блаце спречен шверц на 80 парчиња лекови за потенција Виагра*

## Спречување неовластена трговија со прехранбени производи

Во третиот квартал од 2013 година се откриени 10 обида за нелегално пренесување прехранбени производи со вкупна тежина од 670 кг соја, свежа риба-крап и алкохол кој се привремено задржани, односно во првите девет месеци од 2013 година во 27 акција се запленети околу 2.973 кг на разни прехранбени производи.



*На ГП Богородица при влез во државата, откриени 7 вреќи со 280 килограми на соја.*



*На ГП Стење при влез во државата откриени 24 кг. свежа риба-крап, спакувани во најлонски кеси.*

## Спречување нелегална трговија со козметика, парфеми, средства за хигиена и сл.

Во третиот квартал од 2013 година откриени се 10 случаи на шверц на козметика и средства за хигиена во количина од 1460 парчиња, односно, во првите девет месеци од 2013 година во 38 акција се запленети околу 49.597 парчиња на разни козметички производи.



*На граничниот премин Богороица царинските службеници спречија шверц на 452 парчиња разновидни сретства за хигиена и козметика.*

## Контрола на управувањето со странски возила и на јавен превоз

Поради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Македонија, во период јули-септември 2013 година Царинската управа привремено задржа 16 патнички моторни возила, 2 товарни моторни возила и 15 моторцикли. Кумулативно во периодот јануари – септември 2013 година Царинската управа **во 91 случај привремено задржа 91 возило од кои 62 патнички моторни возила, 2 товарни моторни возила и 27 моторцикли.**

**ЗАДРЖАНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА ПОРАДИ НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ ВО 2013 ГОДИНА**

| Вид возило | Q1 | Q2 | Q3 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| ПМВ | 39 | 7 | 16 | 62 |
| ТМВ | | | 2 | 2 |
| Моторцикли | 11 | 1 | 15 | 27 |
| Друго | | | | |
| **Вкупно** | **50** | **8** | **33** | **91** |

Самостојно или во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, во период јули-септември 2013 година откриен е еден случај на непочитување на прописите во

меѓународниот превоз на патници и стоки, по што Државниот инспекторат за транспорт не дозволи излез на товарно моторно возило од Република Македонија и против превозникот покрена прекршочна постапка.

Во период јануари-септември 2013 година вкупно се откриени 18 случаи на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на патници и стоки.

## Пријавени девизи

Во приложената табела се дадени податоци за пријавени девизи по квартали, за царинска испостава, по валута, на влез и излез од државата, како и податоци за вкупно пријавени девизи по квартали, на влез и излез и вкупно пријавени девизи по испостава.

**ТАБЕЛА НА ПРИЈАВЕНИ ДЕВИЗИ ПО КВАРТАЛИ И ПО ЦАРИНСКИ ИСПОСТАВИ**

| ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА | ВАЛУТА | Q1 | | | Q2 | | | Q3 | | | ВКУПНО ВО ЕВРА ПО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВЛЕЗ | ИЗЛЕЗ | ВКУПНО | ВЛЕЗ | ИЗЛЕЗ | ВКУПНО | ВЛЕЗ | ИЗЛЕЗ | ВКУПНО | ВЛЕЗ | ИЗЛЕЗ |
| ЦИ БЛАЦЕ | EUR | 1493.90 | | 1493.90 | 2817.90 | | 2817.90 | 3064.51 | | 3064.51 | 7624.77 | 0.00 |
| | USD | 80.68 | | 80.68 | 57.70 | | 57.70 | 153.00 | | 153.00 | | |
| | CHF | 23.00 | | 23.00 | 2.00 | | 2.00 | | | | | |
| | MKD | | | | | | | 24.00 | | 24.00 | | |
| | FIM | | | | | | | 22.00 | | 22.00 | | |
| | GBP | | | | 9.80 | | 9.80 | | | | | |
| | ESP | | | | | | | 33.00 | | 33.00 | | |
| ЦИ АЕРОДРОМ СКОПЈЕ | EUR | 243.25 | | 243.25 | 320.90 | | 320.90 | 320.20 | | 320.20 | 2078.57 | 0.00 |
| | USD | 117.90 | | 117.90 | 65.00 | | 65.00 | 118.40 | | 118.40 | | |
| | CHF | 310.70 | | 310.70 | 491.13 | | 491.13 | 315.50 | | 315.50 | | |
| | AUD | | | | 30.00 | | 30.00 | 0.88 | | 0.88 | | |
| | NOK | | | | 180.00 | | 180.00 | 150.00 | | 150.00 | | |
| | DKK | | | | | | | 150.00 | | 150.00 | | |
| ЦИ БОГОРОДИЦА | EUR | 423.00 | | 423.00 | 254.92 | | 254.92 | 80.50 | | 80.50 | 772.98 | 0.00 |
| | CHF | 18.20 | | 18.20 | | | | | | | | |
| ЦИ ТАБАНОВЦЕ АВТОПАТ | EUR | 229.70 | | 229.70 | 139.13 | | 139.13 | 337.60 | | 337.60 | 747.56 | |
| | USD | | | | 12.50 | | 12.50 | | | | | |
| | CHF | 40.00 | | 40.00 | | | | | | | | |
| ЦИ ЌАФАСАН | EUR | 42.00 | | 42.00 | 139.50 | | 139.50 | 190.50 | | 190.50 | 538.22 | 0.00 |
| | USD | 90.00 | | 90.00 | | | | 137.70 | | 137.70 | | |
| ЦИ СТЕЊЕ | EUR | | | | 28.50 | | 28.50 | 268.60 | | 268.60 | 446.02 | 0.00 |
| | USD | | | | 11.00 | | 11.00 | 193.00 | | 193.00 | | |
| ЦИ АЕРОДРОМ ОХРИД | EUR | | | | 18.00 | | 18.00 | | | | 88.64 | 0.00 |
| | CHF | | | | | | | 88.30 | | 88.30 | | |
| ЦИ СВЕТИ НАУМ | EUR | 14.50 | | 14.50 | | | | | | | 78.50 | 0.00 |
| | CHF | 80.00 | | 80.00 | | | | | | | | |
| ЦИ ДОЈРАН | EUR | | | | | | | 60.00 | | 60.00 | 60.00 | |
| ЦИ МЕЏИТЛИЈА | EUR | 44.50 | | 44.50 | 11.00 | | 11.00 | 3.00 | | 3.00 | 58.50 | |
| ЦИ ДЕВЕ БАИР ПАТНИЧКИ | EUR | 20.00 | | 20.00 | | 20.00 | 20.00 | 3.00 | | 3.00 | 55.85 | 20.00 |
| | USD | | | | | | | 45.00 | | 45.00 | | |
| ЦИ БЛАТО | EUR | 20.00 | | 20.00 | | | | 15.00 | | 15.00 | 35.00 | 0.00 |
| ЦИ НОВО СЕЛО | EUR | | | | 15.00 | | 15.00 | | | | 15.00 | |
| ЦИ ДЕЛЧЕВО | EUR | | 13.00 | 13.00 | | | | | | | 0.00 | 13.00 |
| **ВКУПНО ВО ЕВРА** | | **3119.03** | **13.00** | **3132.03** | **4299.84** | **20.00** | **4319.84** | **5180.73** | **0.00** | **5180.73** | **12599.61** | **33.00** |

Забелешка: износите на пријавените девизи се изразени во илјади.

На граничните премини во Република Македонија, во првите три квартали се пријавени девизни средства во противвредност на 12.632.610 евра од кои 99,74% или 12.599.610 евра се пријавени на влез во државата, а само 33.000 евра се пријавени при

излез од државата. Од вкупно пријавените девизи, најголемите девизни пријави се во евра, а помалку застапени се USD (американски долари) и CHF(швајцарски франци). Во однос на пријавените девизи по квартали, во третиот квартал се пријавени девизи во противвредност на 5.180.730 евра, што претставува за 19,93% повеќе од вториот квартал, односно 65,41% повеќе од првиот квартал. Во однос на царинските испостави, најмногу девизни средства се пријавени на ЦИ Блаце (противвредност на 7.624.770 евра) и ЦИ Аеродром Скопје (противвредност на 2.078.570 евра).

## TIR - EPD

Во септември 2013 година Царинската управа ја стави во функција апликацијата Safe TIR и TIR-EPD, која овозможува размена на податоци по електронски пат помеѓу Царинската управа од една страна и корисниците на TIR карнети и IRU[14] од друга страна. Safe TIR е систем со кој се врши чување, пренесување, управување и доставување на податоци за завршување на транспортот на стока со користење на TIR карнети. TIR-EPD е систем за испраќање на информации во форма на електронски пред-декларации за стоки кои се превезуваат со TIR карнети. Целта обезбедување претходни информации за анализа на ризик и со тоа забрзување на транзитот. Веднаш по ставањето во функција, во системот беа најавени 84 корисници и преку истиот беа доставен 5 преддекларации и беше завршен транзит на 10 камиони во Република Македноја. **Системот е во фаза на промоција.**

## SEED 2

Преку апликацијата SEED 2 се врши размена на електронски податоци за транзит во реално време со Република Србија, Република Албанија и Република Косово, со цел, преку автоматско спарување на податоците од две царински администрации да се обезбедат претходни информации за ализана на ризик, а со тоа и забрзување и олеснување на транзитот. Во периодот јули - септември 2013 година процентот на автоматско спарување изнесуваше: со Република Србија – 98,74%, со Република Албанија – 79,87%, односно граничен премин Ќафасан – 79,46 %, граничен премин Блато – 61,38% и со Република Косово – 95,67%.

## Царинска лабораторија

Во третиот квартал од 2013 година, во Царинската лабораторија[15] за анализа се **примени 92 мостри.** Најголем дел од мострите се однесуваат на производи од нафта и нафтени деривати, производи на хемиска индустрија, прехранбени производи, хартија, техничка стока, текстил и производи на металургија. Притоа, од вкупно 92 примени мостри, **во 25 случаи (во 11 случаи** врз основа на лабораториска анализа) е констатирано дека стоката била распоредена во несоодветна тарифна ознака.

[14] IRU дејствува како "брокер за пораки" помеѓу корисниците на TIR карнетите и Царинската управа

[15] Царинската лабораторија работи во просториите на Институт за хемија при Природноматематичкиот факултет. Методите за анализи ги заеднички ги подготвува стручен тим составен од научно истражувачкиот кадар од Институтот за хемија и вработените во Службата за царинска лабораторија при Царинска управа.

Несоодветното тарифно распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со помала или без царинска стапка или стапка на ДДВ.

| РАБОТА НА ЦАРИНСКАТА ЛАБОРАТОРИЈА | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Период | Бр.на земени мостри | НАОДИ (БРОЈ И ИЗНОС НА ИЗБЕГНАТИ ДАВАЧКИ ВО МИЛИОНИ МКД) | | | | | | | | | | |
| | | Несоодветно тарифно распоредување | | | | | | | | Мерки на трг.полит. | Вкупно | |
| | | Нафта | | Храна | | Алкохол | | Друго | | | | |
| | | Број | Износ | Број | Износ | Број | Износ | Број | Износ | | Број | Износ |
| I | 44 | 0.00 | 0.00 | 6.00 | 0.20 | 0.00 | 0.00 | 4.00 | 0.30 | 0.00 | 10.00 | 0.50 |
| II | 33 | 0.00 | 0.00 | 6.00 | 0.50 | 0.00 | 0.00 | 4.00 | 0.10 | 0.00 | 10.00 | 0.60 |
| III | 28 | 0.00 | 0.00 | 1.00 | 0.20 | 0.00 | 0.00 | 4.00 | 0.10 | 0.00 | 5.00 | 0.30 |
| **Q1** | **105** | **0.00** | **0.00** | **13.00** | **0.90** | **0.00** | **0.00** | **12.00** | **0.50** | **0.00** | **25.00** | **1.40** |
| IV | 37 | 1.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 3.00 | 0.00 | 1.00 | 4.00 | 0.00 |
| V | 42 | 1.00 | 0.60 | 2.00 | 0.20 | 0.00 | 0.00 | 4.00 | 0.50 | 1.00 | 7.00 | 1.30 |
| VI | 39 | 4.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 1.00 | 0.10 | 1.00 | 0.00 | 4.00 | 6.00 | 0.10 |
| **Q2** | **118** | **6.00** | **0.60** | **2.00** | **0.20** | **1.00** | **0.10** | **8.00** | **0.50** | **6.00** | **17.00** | **1.40** |
| VII | 31 | 0.00 | 0.00 | 1.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 2.00 | 0.08 | 0.00 | 3.00 | 0.08 |
| VIII | 21 | 0.00 | 0.00 | 3.00 | 0.14 | 0.00 | 0.00 | 14.00 | 0.15 | 0.00 | 17.00 | 0.29 |
| IX | 40 | 0.00 | 0.00 | 1.00 | 0.01 | 0.00 | 0.00 | 4.00 | 0.03 | 0.00 | 5.00 | 0.04 |
| **Q3** | **92** | **0.00** | **0.00** | **5.00** | **0.15** | **0.00** | **0.00** | **20.00** | **0.26** | **0.00** | **25.00** | **0.41** |
| **Вкупно** | **315** | **6.00** | **0.60** | **20.00** | **1.25** | **1.00** | **0.10** | **40.00** | **1.26** | **6.00** | **67.00** | **3.21** |

Во периодот од јануари - септември 2013 година се примени 315 мостри, при што, во 67 случаи (од кои **во 25 случаи** врз основа на лабораториска анализа) е констатирано дека стоката била распоредена во несоодветна тарифна ознака, поради што е наложена дополнителна наплата на 3,2 милиони денари јавни давачки.

## *Документарна царинска контрола*

Документарната царинска контрола опфаќа контрола на усогласеноста на царинските и други документи за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит, привремен увоз, на правни лица и за нивните управители, како и за физички лица, без оглед дали станува збор за резиденти и за нерезиденти.

| РЕЗУЛТАТИ ОД ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА ВО ПЕРИОД ЈАНАУАРИ-СЕПТЕМВРИ 2013 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на документ | Q1 | | | | Q2 | | | | Q3 | | | | Вкупно | | | |
| | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно |
| Фактури (пониска вредност) | 3,059 | 0 | 3,088 | 6,147 | 5,429 | 0 | 1,058 | 6,487 | 4,754 | 2 | 1,243 | 5,999 | 13,242 | 2 | 5,389 | 18,633 |
| Цертификати за преференцијално потекло | 54 | 5 | 16 | 75 | 121 | 5 | 14 | 140 | 59 | 0 | 18 | 77 | 234 | 10 | 48 | 292 |
| Несоодветно тарифно распоредување на стоката | 76 | 0 | 31 | 107 | 86 | 18 | 46 | 150 | 76 | 0 | 21 | 97 | 238 | 18 | 98 | 354 |
| Други документи за пресметка на увозни давачки | 11 | 0 | 9 | 20 | 2 | 0 | 30 | 32 | 4 | 2 | 12 | 18 | 17 | 2 | 51 | 70 |
| Други видови невалидни документи | 2 | 1 | 4 | 7 | 10 | 1 | 0 | 11 | 1 | 0 | 0 | 1 | 13 | 2 | 4 | 19 |
| **Вкупно** | **3,202** | **6** | **3,148** | **6,356** | **5,648** | **24** | **1,148** | **6,820** | **4,895** | **4** | **1,294** | **6,193** | **13,745** | **34** | **5,590** | **19,369** |

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во периодот јули-септември 2013 година, во над 6.193 случаи се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои околу 6.000 случаи невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, 77 случаи на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, 97 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки и околу 20 случаи на презентирање други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки или мерките на трговската политика.

Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 151,4 милиони денари на име увозни давачки. Најголем број од невалидните и фалсификувани документи за царинска вредност се однесува на увозно царинење на употребувани патнички и товарни моторни возила и механизација, работни машини, електронски плочи, моторни степери стерилен кетгут-конец, замрзнато пилешко месо, отпадно железо, бази за сладолед, индустриски производи, електрични уреди, пластични и метални буриња, хартија, текстилни производи, шеќер, керамички плочки, рекламен материјал, мостри, обувки, манганова руда, санитарија, забарски полнила, работни панталони-комбинизони и сл.

Откриените случаи на распоредувањето на стоките во несоодветни тарифни ознаки, пред сè се однесуваат на машини, полначи за акумулатори, метални цевки, даски за пеглање, ХТЗ заштитна опрема, рачни часовници, камионски гуми, текстилна ткаенина, 3Д очила, делови за машини, палмина маст, метални сталажи, училишни ранци, кондиторски производи, ПВЦ фолии, сендвич панели, лед сијалици, електрични уреди, замрзнати пилешки гради, чипс, свеж компир. Исто така откриен е случај на декларирање на стока со преференцијално потекло од ЕУ, а истата е со потекло од Бразил. Покрај наодите откриени директно од страна на царинските испостави и Одделенијата за истраги и за оперативни работи, значителна улога во утврдување на несоодветно тарифно распоредување на стоките имаше Царинската лабораторија.

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во периодот јануари-септември 2013 година, во над 19 илјади случаи се утврдени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои над 18,6 илјади случаи невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, над 290 случаи на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, над 350 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки и над 90 случаи на презентирање други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки или мерките на трговската политика.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

## *Постцаринска контрола*

Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва после спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки за вршење работи на застапување во царински постапки и др. Овие контроли опфаќаат контрола на придржувањето кон обврските од одобренијата од страна на на имателите на одобренија, проверка на податоците во материјалната и финансиската евиденција, контрола на пријавените нормативи за производство, раздолжувањето на увезените материјали, роковите за завршување на постапките, исполнувањето на условите за издавање на докази за преференцијално потекло, количините сместени во царинските складови и ППЧ, и др.

Во период јули - септември 2013 година извршени се 161 контрола на трговски друштва, вклучително и иматели на царински и акцизни одобренија од секаков вид. Во третиот квартал најмногу се извршени контроли кај иматели на одобренија за увоз за облагородување (58) и царинско складирање и ППЧ(37). При извршените 13 контроли на трговски друштва на увозни и извозни постапки откриени се 8 случаи на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки на вкупен износ од 6,28 милиони денари. Обидите за избегнување на увозни давачки се однесуваат на непријавување на трошоци за меѓународен транспорт, неспроведување на увозна царинска постапка, погрешно тарифно распоредување.

**РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ВО 2013 ГОДИНА**

| Вид на контрола | Q1 | Q2 | Q3 | Σ |
|---|---|---|---|---|
| Контрола на трговски друштва | 16 | 19 | 13 | 48 |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 8 | 16 | 9 | 33 |
| Контрола на иматели на одробренија за увоз за облагородување | 50 | 81 | 58 | 189 |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање и ППЧ | 35 | 109 | 37 | 181 |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 14 | 24 | 7 | 45 |
| Контрола на поедноставени царински постапки | 62 | 127 | 28 | 217 |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | 0 | 39 | 8 | 47 |
| Контрола на иматели на други одобренија | 1 | 0 | 1 | 2 |
| **Вкупно** | **186** | **415** | **161** | **762** |

При извршените 9 контроли на иматели на акцизни одобренија утврдени се неправилности во едно трговско друштво кое користело течен нафтен гас како погонско гориво. Со контролата е утврдено дека не се исполнети условите за враќање на платената акциза за употребениот течен нафтен гас, како погонско гориво. Во период јули – септември 2013 година има еден случај на одземена акцизна дозвола.

При извршените 58 контроли на иматели на одобренија за увоз за облагородување откриени се 9 случаи за избегнување плаќање увозни давачки во вкупен износ од 0,29 милиони денари. При контрола на 37 иматели на одобренија за царинско складирање и ППЧ не се откриени случаи за избегнување плаќање увозни давачки. Со контролите кај имателите на одобренија за увоз за облагородување и за царинско складирање и ППЧ утврдени се повеќе неправилности, при што поради непридржување кон обврските од одобренијата во период јули - септември 2013 година изречени се вкупно

84 мандатни казни. Во период јули - септември 2013 година не се откриени случаи на непридржување на условите за поедноставени царински постапки поради кои би следело одземање на одобрението за поедноставени царински постапки.

## *Преземени правни мерки за откриените неправилности*

Покрај непосредно, наложување (со записник) плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински и акцизни одобренија, за утврдените неправилности Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.

### Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки

Во периодот јули  септември 2013 година, Царинската управа донесе 340 решенија за наплата на увозни давачки, ДДВ и надоместоци.

| УПРАВНИ РЕШЕНИЈА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАПЛАТА ДОНЕСЕНИ ВО 2013 ГОДИНА (ВО МИЛИОНИ МКД) | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на управно решение** | **Q1** | | **Q2** | | **Q3** | | **Вкупно** | |
| | **Број** | **Износ** | **Број** | **Износ** | **Број** | **Износ** | **Број** | **Износ** |
| Невалидно тарифно распоредување | 12 | 0.6 | 10 | 1.6 | 8 | 0.7 | 30 | 2.9 |
| Невалидна царинска вредност | 24 | 5.5 | 8 | 1.9 | 14 | 2.0 | 46 | 9.4 |
| Невалидно преференцијално потекло | 50 | 2.5 | 27 | 1.5 | 40 | 3.8 | 117 | 7.8 |
| Други основи | 186 | 7.9 | 79 | 2.5 | 278 | 83.2 | 543 | 93.6 |
| Непочитување на акцизната регулатива | 3 | 204.5 | 3 | 59.5 | | | 6 | 264.0 |
| **Вкупно** | **275** | **221.0** | **127** | **67.0** | **340** | **89.7** | **742** | **377.7** |

На име дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ се донесени 340 решенија, на вкупен износ од 89.7 милиони денари, од кои:

- 8 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 0,7 милиони денари поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки,
- 14 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 2 милиони денари поради декларирана пониска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот,
- 40 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 3,8 милиони денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на извозникот,
- 278 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 83,2 милиони денари по други основи. Дополнителната наплата по други основи е резултат на пресметка на давачки по член 200 од ЦЗ, комисиски записник од царински испостави за тарифна ознака, потекло и вредност, дополнителна контрола согласно член 90 од ЦЗ[16], дополнителна контрола согласно член 90 од ЦЗ од ЦИ, наплата на трошоци за анализа на мостра, наплата на надоместоци за тутун и тутунски производи од внатрешен пазар, измена на податоци со дополнителна наплата по барање на

[16] Царински закон

странка согласно член 90 од ЦЗ, нераздолжен транзит, контрола на иматели на одобренија за постапки со економски ефект од СНИО.

Во период јануари-септември 2013 година Царинската управа донесе 742 решенија за дополнителна наплата на јавни давачки во вкупен износ од 377,7 милиони денари, од кои најголем дел се однесуваат на само една компанија за дополнителна наплата на надоместоци.

## Кривични пријави

Во третиот квартал од 2013 година Царинската управа **поднесе 15 кривични пријави против 18 физички и 6 правни лица**.

| ПОДНЕСЕНИ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ ВО 2013 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | | | Q2 | | | Q3 | | | Вкупно | | |
| Основ за поднесена кривична пријава | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави |
| Недозволено тргување на наркотички дроги | 16 | | 9 | 14 | | 7 | 2 | | 2 | 32 | 0 | 18 |
| Недозволено тргување со цигари | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| Недозволено тргување со оружје и распрскувачки материјали | 2 | | 2 | | | | | | | 2 | 0 | 2 |
| Недозволено тргување со лекови | 3 | | 2 | | | | | | | 3 | 0 | 2 |
| Криумчарење благородни метали | 1 | | 1 | 3 | | 3 | 2 | | 2 | 6 | 0 | 6 |
| Криумчарење други видови стоки | | | | 3 | 1 | 1 | | | | 3 | 1 | 1 |
| Фалсификување други исправи | | | | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 4 | 2 | 2 |
| Поднесени фалсификувани фактури | 5 | | 5 | 6 | | 6 | | | | 11 | 0 | 11 |
| Поднесени фалсификувани цертификати за потекло на стоки | 3 | 2 | 3 | | | | 5 | 1 | 5 | 8 | 3 | 8 |
| Поднесени фактури со пониски цени од вистинските | 2 | 2 | 2 | 4 | 3 | 4 | 1 | 1 | 1 | 7 | 6 | 7 |
| Недозволено производство и промет со општо опасни материи | | | | | | | 1 | | 1 | 1 | 0 | 1 |
| Изнесување во странство археолошки материјал и културно наследство | 2 | | 1 | 2 | | 2 | | | | 4 | 0 | 3 |
| Поради неисполнување на законска обврска за увозно царинење | | | | | | | 4 | 2 | 2 | 4 | 2 | 2 |
| Поради неисполнување на законска обврска за плаќање на акцизен долг | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Други основи | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **34** | **4** | **25** | **34** | **5** | **24** | **18** | **6** | **15** | **86** | **15** | **64** |

Поднесените кривични пријави се однесуваат на:

- 5 кривични пријави против 5 физички лица и едно правно лице, поради поднесени фалсификувани докази за потекло,
- 2 кривични пријави против 2 физички лица за недозволено тргување со наркотички дроги,
- една кривична пријава против 2 физички лица и едно правно лице за поднесени фалсификувани други исправи,
- една кривична пријава против едно физичко и едно правно лице поради поднесени фалсификувани фактури со пониски цени од вистинските,

- 2 кривични пријави против 2 физички лица поради криумчарење на благородни метали,
- една кривична пријава против едно физичко лице поради недозволено производство и промет со општо опасни материи,
- една кривична пријава против една физичко лице и едно правно лице поради неисполнување на законска обврска за плаќање на акцизен долг,
- 2 кривични пријава против 4 физички лица и 2 правни лица поради неиспоплнување на законска обврска за увозно царинење.

Во периодот јануари - септември 2013 година Царинската управа **поднесе 64 кривични пријави против 86 физички лица и 15 правни лица**. Најголем дел од поднесените кривични пријави се однесуваат на недозволено тргување со наркотички дроги (18 кривични пријави против 32 физички лица) и поднесени фалсификувани фактури (11 кривични пријави против 11 физички лица).

## Царински, девизни и акцизни прекршоци

Во периодот јули -септември 2013 година се поднесени 213 прекршочни пријави од кои, 196 за сторен царински прекршок, 13 за девизен прекршок и 4 за акцизен прекршок. Од вкупно поднесени прекршочни пријави, 158 се однесуваат на физички, а 55 на правни лица. Во период јануари - септември 2013 година до Одделението за прекршоци на Царинската управа се доставени 719 прекршочни пријави против 549 физички лица и 170 правни лица. Најголем дел од нив се однесуваат на царински прекршоци (646), но значителен е и бројот на девизни прекршоци (64).

Во третиот квартал од 2013 година, беа решени 251 прекршочен предмет (од претходните периоди) и притоа на сторителите им беа изречени глоби во износ од околу 14,4 милиони денари. Во 217 предмети покрај глобата им беше изречена и посебна мерка одземање на стоката предмет на прекршокот, а во 10 предмети за сторен девизен прекршок изречена е мерка одземање на непријавените девизни средства кои во денарска противвредност изнесуваат околу 9,2 милиони денари. Во периодот јануари - септември 2013 година се решени 1.206 прекршочни пријави, при што се изречени глоби на вкупен износ од околу 73 милиони денари.

**РЕШЕНИ ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ И ИЗРЕЧЕНИ ГЛОБИ ВО 2013 ГОДИНА (во милиони денари)**

| Вид на прекршок | Q1 | | Q2 | | Q3 | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Глоба | Број | Глоба | Број | Глоба | Број | Глоба |
| Царински | 444 | 25.7 | 482 | 31.7 | 241 | 14.4 | 1,167 | 71.8 |
| Девизен | 4 | 0 | 23 | 0.8 | 10 | 0 | 37 | 0.8 |
| Акцизен | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| Други | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **448** | **25.7** | **507** | **32.5** | **251** | **14.4** | **1,206** | **72.6** |

**ПРИМЕНИ ПРЕКРШОЧНИ ПРИЈАВИ ВО 2013 ГОДИНА**

| Вид на прекршоци | Q1 | | | Q2 | | | Q3 | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно |
| Царински | 170 | 30 | 200 | 166 | 84 | 250 | 141 | 55 | 196 | 477 | 169 | 646 |
| Девизни | 20 | 0 | 20 | 30 | 0 | 30 | 13 | 0 | 13 | 63 | 0 | 63 |
| Акцизни | 1 | 1 | 2 | 3 | 0 | 3 | 4 | 0 | 4 | 8 | 1 | 9 |
| Други | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **191** | **31** | **222** | **199** | **84** | **283** | **158** | **55** | **213** | **548** | **170** | **718** |

Во третиот квартал од 2013 година се изречени 532 мандатни казни, од кои 325 на физички лица, а 207 на правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 4,68 милиони денари. Во Царинарница Скопје се изречени 197 мандатни казни во износ од 1,88 милиони денари, во Царинарница Гевгелија се изречени 102 мандатни казни во износ од 1,88 милиони денари, во Царинарница Штип се изречени 87 мандатни казни во износ од 0,96 милиони денари, во Царинарница Битола се изречени 68 мандатни казни во износ од 0,38 милиони денари и во Царинарница Куманово се изречени 781 мандатни казни во износ од 0,54 милиони денари.

**БРОЈ НА ИЗРЕЧЕНИ МАНДАТНИ КАЗНИ ВО 2013 ГОДИНА**

| Царинарници | Q1 | | | Q2 | | | Q3 | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно |
| Скопје | 108 | 65 | 173 | 116 | 122 | 238 | 111 | 86 | 197 | 335 | 273 | 608 |
| Куманово | 36 | 26 | 62 | 41 | 30 | 71 | 62 | 16 | 78 | 139 | 72 | 211 |
| Штип | 21 | 49 | 70 | 47 | 24 | 71 | 49 | 38 | 87 | 117 | 111 | 228 |
| Гевгелија | 41 | 86 | 127 | 36 | 109 | 145 | 62 | 40 | 102 | 139 | 235 | 374 |
| Битола | 46 | 4 | 50 | 34 | 8 | 42 | 41 | 27 | 68 | 121 | 39 | 160 |
| **Вкупно** | **252** | **230** | **482** | **274** | **293** | **567** | **325** | **207** | **532** | **851** | **730** | **1,581** |

Во период јануари - септември 2013 година се изречени 1.581 мандатни казни против 851 физички лица и 730 правни лица, на вкупен износ од 15,41 милиони денари. Најголем број на мандатни казни беа изречени во Царинарница Скопје (608), по која следи Царинарница Гевгелија (374). Најголем дел од мандатните казни се изречени поради пречекорен рок за транзит, потоа за неисполнување на обврски од одобрение за постапка со економски ефект неправилно наведена вредност, потекло на стока, нереално прикажани транспортни трошоци, како и по други основи.

**ВКУПЕН ИЗНОС НА ИЗРЕЧЕНИ МАНДАТНИ КАЗНИ ВО 2013 ГОДИНА**
**(во милиони денари)**

| Царинарница | Q1 | | Q2 | | Q3 | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Износ | Број | Износ | Број | Износ | Број | Износ |
| Скопје | 173 | 1.23 | 238 | 2.36 | 197 | 1.88 | 608 | 5.47 |
| Куманово | 62 | 0.41 | 71 | 0.71 | 78 | 0.54 | 211 | 1.66 |
| Штип | 70 | 0.44 | 71 | 1.60 | 87 | 0.96 | 228 | 3.00 |
| Гевгелија | 127 | 1.47 | 145 | 2.10 | 102 | 0.92 | 374 | 4.49 |
| Битола | 50 | 0.18 | 42 | 0.23 | 68 | 0.38 | 160 | 0.79 |
| **Вкупно** | **482** | **3.73** | **567** | **7.00** | **532** | **4.68** | **1,581** | **15.41** |

## *Учество во меѓународни активности*

Во период јули - септември 2013 година Царинската управа учествуваше во Проектот „GLOBAL SHIELD“, мултилатерална операција за борба против нелегалниот транспорт и трговија со високо ризични хемикалии кои се употребуваат за производство на експлозиви, во организација и координација на СЦО. Исто така, Царинската управа учествување и во Проектот „SMART II“, во организација на СЦО, фокусиран на борба против илегалниот промет на „Legal Higs” производи со психоактивни ефекти.

Во овој период Царинската управа внесе во CEN базата 29 заплени, а доставени се и 2 информации за заплена на дрога до ЗКА Балкан инфо, како и 33 информацији за запленета стока до SELEC центарот.

## *Заштита на права од интелектуална сопственост*

На крајот на третиот квартал во Царинската управа бројот на регистрирани барања на трговски марки за царинска заштита на права од интелектуална сопственост изнесуваше 310 (222 на крајот на 2012 година).

**Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки Sportmax, Max & Co, Weekend by Max Mara, Marina Rinaldi, Max Mara, Slovenoil, Плежер, Pavloderm, Kia, Hyundai, Laura by Laura Biagiotti, Laura Biagiotti Emotion, Escada, Gabriela Sabatini, Boss Hugo Boss Number One, Laura Biagiotti Roma Uomo, Parisienne, Viagra, C&A, Clock House, Palomino, La Roche-Posay, L Homme Yves Saint Laurent, Volkswagen, Exjade, Tasigna, Sandostatin, Afinitor, Exelon, Штрумпфови, Exforge, Glivec, Zometa и Ariel Excel.**

Бројот на регистрирани царински службеници – корисници на IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО изнесуваше 529, кои во текот на третиот квартал на 2013 година оствариле 358 пристапи до апликацијата. Апликацијата претставува средство за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки.

Во третиот квартал 2013 година е донесено **Упатството за воведување на електронски евиденции во процесите за заштита на правата од интелектуална сопственост**. Целта на воведување на оваа евиденција е добивање на систематизирана и структуирана база на податоци за овозможување на пристап кон привремено задржаните стоки по основ на повреда на права од интелектуална сопственост и детален преглед на заштитените трговски марки. Во овој период е донесено и **ново Упатството за спроведување на царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост**. Со истото се уредени надлежностите и начинот на спроведување на царинските мерки за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа на Република Македонија.

Исто така, беше одржана презентација на Упатството за воведување електронски едвиденции во процесите за заштита на правата од интелектуална сопственост. Целта на презентацијата беше корисниците на електронската евиденција што се води во ЕДМС апликацијата да се запознаат со функционалностите наменети за евидентирање на постапките поврзани со заштитата на правата за интелектуална сопственост.

Во првата половина од 2013 година се задржани 235 илјади парчиња стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост. Во периодот јули – септември 2013 година во **39** акции, привремено се задржани околу **19 илјади** парчиња стока  поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.

Во овој период покарактеристични се случаите на привремено задржани спортски обувки со над 36%, козметички производи со над 20% запалките со над 18% од вкупната количина. Во однос на потеклото на привремено задржаната стока по овој основ, доминира Турција со 61% по што следи Кина со околу 24%.

| ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРЕТИОТ КВАРТАЛ 2013 ГОДИНА ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ВО 2013 ГОДИНА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вид на производи** | **Ед. мерка** | **Q 1** | **Q 2** | **Q3** | **Вкупно** |
| 1 | Облека, додатоци и други поврзани производи и репроматеријали | Парче | 1,663 | 1,041 | 1,596 | 4,300 |
| 2 | Обувки и додатоци | Парче | 2,708 | 10,147 | 6,863 | 22,451 |
| 3 | Парфеми, дезодоранси, козметика исл. | Парче | 3,354 | 9,042 | 3,967 | 13,630 |
| 4 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и опрема и сл. | Парче | 313 | 314 | 25 | 652 |
| 5 | Авто делови и опрема | Парче | 13,900 | 160 | 2,575 | 16,635 |
| 6 | Лекови | Парче | | | 80 | 80 |
| 7 | Друго | Парче | 152,567 | 39,738 | 3,797 | 196,102 |
| | **Вкупно** | | **174,505** | **60,442** | **18,903** | **253,850** |

Во 7 случаи од вкупниот број случаи на привремено задржана стока поради основано сомневање дека повредува права од интелектуална сопственост, количина од 3.575 парчиња запалки и 2 парчиња рачни часовници е ослободена бидејќи застапниците на имателот на трговските марки се изјасниле дека предметната стока е оригинална, количина од 880 пара спортски обувки, 270 парчиња дезодоранси, 3 парчиња мобилни телефони е ослободена бидејќи застапниците на имателот на трговските марки се изјасниле дека предметната стока не ги повредува правата од интелектуална сопственост, додека 232 парчиња привезоци се ослободени поради тоа што застапниците и носителита не изразија интерес да се регистрираат кај Царинската управа, преку поднесување барање за заштита на права од интелектуална сопственост.
Покарактеристични случаи од привремено задржаната стока:



*Во ЦИ Богородица задржани се 3.070 пара спортски обувки од трговската марка Adidas, кои биле испратени од Обединетите Арапски Емирати, и биле пријавени во транзитна постапка.*




*Во ЦИ Богородица задржани се 3.575 парчиња запалки од трговската марка BIC, испратени од Турција и биле декларирани при постапка за увоз.*




*Во ЦИ Богородица задржани се 1.020 пара спортски обувки од трговската марка Lacoste , испратени од Кина, пријавени во транзит..*




*Во ЦИ Скопје 1 задржани се 2.575 парчиња* додатоци за автомобили (привезоци, капаци за автомобилско тркало, знаци, налепници) од *трговските марки Audi, Mercedes, Ford, Alfa Romeo, Volkswagen, испратени од Турција.*

Врз основа на потврдена повреда на права од интелектуална сопственост, во текот на септември 2013 година, под царински надзор **беа уништени 47.954 парчиња фалсификувана стока** (дезодоранси, пена и лак за коса, очила за сонце, козметички производи, мобилни телефони, маици и електрични грејалки).

## *Наплатени приходи*

Царинската управа администрира и врши наплата на царина, ДДВ од увоз, акцизи (на производство, увоз и промет), надоместоци на тутунски производи и производи од нафта (на производство и увоз).

| НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ ОД УВОЗ И ОД ВНАТРЕШЕН ПРОМЕТ (Во милиони денари) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Период | 2013 | | | | | 2012 | | | | |
| | Царина | ДДВ | Акцизи | Надоместоци | Вкупно | Царина | ДДВ | Акцизи | Надоместоци | Вкупно |
| I | 359.9 | 2,864.8 | 1,172.4 | 218.8 | 4,615.9 | 263.6 | 2,915.2 | 1,365.4 | 138.0 | 4,682.2 |
| II | 296.8 | 2,764.0 | 1,107.1 | 115.8 | 4,283.6 | 343.0 | 3,054.4 | 975.1 | 157.0 | 4,529.5 |
| III | 357.8 | 2,867.3 | 1,170.6 | 166.5 | 4,562.2 | 324.6 | 3,784.3 | 1,071.1 | 187.0 | 5,367.0 |
| **Q1** | **1,014.5** | **8,496.1** | **3,450.1** | **501.1** | **13,461.7** | **931.3** | **9,753.9** | **3,411.5** | **482.0** | **14,578.7** |
| IV | 424.1 | 3,464.6 | 1,353.9 | 258.0 | 5,500.6 | 353.8 | 3,464.7 | 1,246.0 | 173.0 | 5,237.5 |
| V | 342.2 | 3,197.3 | 1,535.2 | 162.4 | 5,237.1 | 333.3 | 3,231.1 | 1,331.4 | 207.9 | 5,103.7 |
| VI | 318.7 | 3,161.0 | 1,555.4 | 270.9 | 5,306.1 | 307.0 | 3,140.3 | 1,484.0 | 189.9 | 5,121.2 |
| **Q2** | 1,085.0 | **9,822.9** | **4,444.6** | 691.3 | **16,043.8** | 994.1 | **9,836.1** | **4,061.4** | **570.8** | **15,462.3** |
| VII | 353.0 | 3,477.1 | 1,683.6 | 293.9 | 5,807.7 | 366.2 | 3,547.1 | 1,514.7 | 228.3 | 5,656.3 |
| VIII | 335.6 | 2,896.2 | 1,798.9 | 98.9 | 5,129.6 | 339.9 | 3,276.0 | 1,674.1 | 235.1 | 5,525.0 |
| IX | 352.4 | 3,076.7 | 1,771.9 | 58.1 | 5,259.2 | 340.4 | 3,407.8 | 1,547.5 | 205.1 | 5,500.7 |
| **Q3** | **1,041.0** | **9,450.0** | **5,254.4** | **450.9** | **16,196.4** | **1,046.4** | **10,230.8** | **4,736.3** | **668.5** | **16,682.0** |
| **Вкупно** | **3,140.5** | **27,769.0** | **13,149.1** | **1,643.3** | **45,701.9** | **2,971.8** | **29,820.8** | **12,209.2** | **1,721.3** | **46,723.0** |

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

Во периодот јануари - септември 2013 година Царинската управа по сите основи наплати вкупно 45.701.9 милиони денари, што е 2% помалку во однос на истиот период 2012 година кога се наплатени 46.723 милиони денари.

## *Царина*

Во периодот јануари - септември 2013 година наплатени се 3.140,5 милиони денари на име царина и други царински давачки со еквивалентен ефект, што е за 8,7% повеќе од планираните 2.889 милиони денари и 6% повеќе во однос на наплатените приходи во истиот период 2012 година. Најголемо зголемување на приходите има кај увозот на тутун и производи за замена на тутун, месо и други кланични производи за јадење, млеко и производи од млеко, живински птичји јајца, природен мед, јастиви производи од животински потекло, неспомнати ниту опфатени на друго место и при увозот на облека и прибор за облека, освен плетени или хеклани производи. Зголемувањето на приходите се должи на зголемениот увоз на овие видови стока.

## *ДДВ*

Во периодот јануари - септември 2013 година на име увозен ДДВ се наплатени 27.769,00 милиони денари што е 7% помалку во однос на истиот период 2012 година. Најголемо намалување има кај увозот на минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи, минерални восоци, железо и при увозот на возила, освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови и прибор. Намалената вредност и количина на увозот во овој месец во 2013 година е причина за намалување на приходите од ДДВ.

## *Акцизи*

Во периодот јануари - септември 2013 година се наплатени 13.149,1 милиони денари приход од акциза што е 8% повеќе во однос на наплатените приходи во истиот период 2012 година. Учеството на наплатената акциза во внатрешен промет во вкупно остварениот приход од акциза е 81% наспроти 19% наплатената акциза при увоз. Најголем приход е остварен од наплатата на акциза за минерални масла и деривати кои учествуваат со 55,4% во вкупно остварениот приход од акцизи и од наплатата на акциза за тутун и тутунски производи кои учествуваат со 35,7%. Во однос на приходите од акциза во 2012 година, најголем пораст бележи наплатата на акциза за тутун и и тутунски производи (16%), наплатата на акциза за алкохол и пиво (9%), додека пад од 16% бележи наплатата на акциза за патнички возила.

## *Надоместоци*

Во периодот јануари - септември 2013 година се наплатени 1.643,3 милиони денари на име приход од надоместоци, што е 5% помалку во однос на истиот период 2012 година. Намалувањето се должи на укинивувањето на надоместоците на туиун и тутунски производи од јули 2013 година. Наплатените надоместоци од увоз учествуваат со 87% во вкупно наплатените надоместоци наспроти 13% наплатени надоместоци во внатрешен промет. Најголем приход е наплатен од надоместокот за здравствена

заштита кој во вкупниот приход учествува со 43,8%, надоместокот за тутунски производи кој во вкупно остварениот приход учествува со 26% и надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кој во вкупно остварениот приход учествува со 21%.

## *Односи со јавноста*

Информирањето и комуникацијата со јавноста претставуваат клучен елемент за промовирање на акциите и вредностите на Царинската управа на Република Македонија на професионален начин.

Во третиот квартал од 2013 година, Царинската управа ја спроведе кампањата „Царински олеснувања и поедноставени постапки” низ поголемите градови во државата. Во истиот периодот **објавени се 3 репортажи**, одржана е **една прес конференција**, **34 соопштенија** за заплени на дрога, девизи, фалсификувана стока, прекршочни и кривични пријави се испратени до медиумите и **одговорено е на 30 новинарски прашања.**

### *Репортажи: Се преправаат како возачи за да шверцуваат дрога и стари крстови*



Во јули 2013 година дневниот весник „Нова Македонија“ објави репортажа за запленета на 98 кг марихуана на граничниот премин Табановце, пронајдена во тркалата на албански автобус пријавен за излез од државата, што наводно патувал до Фрајбург,Германија. Во истата репортажа новинарот се осврнува и на случајот на откриени предмети што претставуваат културно и историско наследство на Република Македонија - пет метални стари монети и еден стар метален крст, сокриени во вентилацијата на минибус со бугарски регистарски ознаки пријавен за излез на граничниот премин Ново Село.

### *Доаѓаат како туристи, си заминуваат како ловци*



Во дневниот весник „Дневник“ во септември 2013 година објавена е репортажа за случаите на заплена на ловечка муниција од грчки државјани кои се почесто шверцуваат муниција во Македонија, со цел да прикријат дека незаконски ловат дивеч во земјава. Во репортажата новинарот ги потенцира царинските прописи според кои странски државјани можат да увезат ваква стока, односно дека само на покана од ловечко друштво во период на регулиран лов на прелетен и крупен дивеч може да се внесе ограничена количина муниција откако се разбира истата ќе биде уредно пријавена.

***Заработуваат за еден стан шверцувајќи четири куфери цигари во Лондон***



Репортажа за зачестениот шверц со цигари по воздушен пат објави дневниот весник „Дневник“ во септември 2013 година, осврнувајќи се на случајот откриен на аеродромот „Александар Велики“ кога четворица Македонци беа фатени во обид нелегално да пренесат 748 штеки цигари. Новинарот истакнува дека на ваков начин шверцерите можат да заработат приближно 75.000 евра на пазарот на црно во Лондон. Имајќи предвид дека во просек цигарите на македонскиот пазар вредат од 15 до 20 евра за штека, доколку оваа пратка не била спречена, шверцерите ќе си заминеле со чиста заработка од 60.000евра.

## *Интернет и интранет*

Во третиот квартал од 2013 година интернет страницата ја посетиле над 38 илјади посетители. Овој период корисниците испратија 262 прашања, жалби и сугестии. Одговорено е на 169 прашања. Во третиот квартал од 2013 година на интернет страницата објавени се 91 содржина на македонски јазик, 55 се објавени англиски и 34 на албански јазик. Во овој квартал страницата е посетена 361.635 пати. Најпосетени се табовите: „Вести“ (223.665 пати), „Царинска тарифа“ (15.550 пати), „Најчесто поставувани прашања“ (20.311 пати), „Интерактивна мапа“ (6.333 пати), „Контакти“ (5.835 пати), „Царински закон“ (4.858 пати). Во периодот јануари-септември 2013 година се објавени вкупно 367 содржини, интернет страницата ја посетиле 121.849 посетители, а истата била посетена 1.202.502 пати.

| СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦАТА 2013 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Вкупно |
| Објавени содржини | 119 | 157 | 91 | 367 |
| Број на посетители | 42.236 | 40.758 | 38.855 | 121.849 |
| Број на посети | 412.426 | 428.441 | 361.635 | 1.202.502 |
| Најпосетени табови (број) | | | | |
| Вести | 226.715 | 230.353 | 223.655 | 680.723 |
| Царинска тарифа | 19.204 | 19.270 | 15.550 | 54.024 |
| Најчесто поставувани прашања | 18.067 | 17.390 | 20.311 | 55.768 |
| Интерактивна мапа | 4.263 | 7.135 | 6.333 | 17.731 |
| Контакти | 6.120 | 6.731 | 5.835 | 18.686 |
| Царински закон | 4.657 | 5.110 | 4.858 | 14.625 |

На интранет порталот на Царинската управа во третиот квартал на 2013 година се објавени 231 информации. Заклучно со третиот квартал од 2013 година, вкупно се објавени 1.200 содржини, а интранет страницата била посетена 89.458 пати.

| СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ИНТРАНЕТ СТРАНИЦАТА 2013 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Q3 | Вкупно |
| Објавени содржини | 269 | 700 | 231 | 1.200 |
| Број на посетители | 3.471 | 3.434 | 3.399 | 10.304 |
| Број на посети | 32.520 | 31.281 | 25.657 | 89.458 |

## *Отворена царинска телефонска линија (197)*

На отворената царинска телефонска линија (197), во период јули -септември 2013 година добиени се вкупно 4.960 повици, или во просек 64 повици на ден и тоа :

– „А“ класа[17] – вкупно 10 повици,
– „Б“ класа[18] – вкупно 14 повици,
– „С“ класа[19] – вкупно 173 повици и
– „Ј“ класа[20] – вкупно 17 повици.

| ОТВОРЕНА ЦАРИНСКА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА - 197 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Број и вид на повици** | **Q1** | **Q2** | **Q3** | **Вкупно** |
| Класа А | 12 | 11 | 10 | 33 |
| Класа Б | 11 | 29 | 14 | 54 |
| Класа С | 185 | 204 | 173 | 562 |
| Класа Ј | 15 | 21 | 17 | 53 |
| Останати | 5,289 | 5,327 | 4,746 | 15,362 |
| **Вкупно** | **5,512** | **5,592** | **4,960** | **16,064** |

Во периодот јануари-септември од 2013 година на отворената царинска телефонска линија (197) се примени вкупно 16.064 повици, или во просек преку 60 повици на ден, од кои 33 „А“ класа, 54 повици од „Б“ класа, 562 повици од „С“ класа и 53 повици од „Ј“ класа.

## *Граѓански дневник*

Во третиот квартал 2013 година Граѓанскиот дневник на интернет страната на Царинската управа е **посетен 560 пати**. Во периодот јули-септември 2013 година поставени се 2 прашања преку системот на Граѓански дневник (www.uslugi.gov.mk) кои се соодветно одговорени.

## *Претставки и предлози и слободен пристап до информации.*

Во третиот квартал од 2013 година, во Царинската управа се примени две барања за пристап до информации од јавен карактер и за истите е доставен соодветен одговор, согласно Законот кој ја регулира оваа област. Царинската управа прими 3 претставки и предлози и по истите е соодветно постапено.

# *Царинска соработка*

## *Соработка со бизнис заедницата*

Во третиот квартал на 2013 година беше одржан состанок на Советодавното тело, на кој беа презентирани новините во царинското работење во поглед на единствено доставување на хартиени документи во царинската постапка и постапката на царинење на мали пратки. Претставниците на деловната заедница беа информирани за постапката на воведување на GPRS технологија за следење на продажбата на

[17] А класа се информации за кои се бара неодложна акција од царинска испостава или мобилна екипа
[18] В класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа
[19] С класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за поплака или пофалба на царински процедури
[20] Ј класа се информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници

минерални масла кои содржат материи за обележување и постапка на регистрирање на трговци со минерални масла кои содржат материи за обележување. На состанокот беа разгледани повеќе актуелни прашања поврзани со царинското работење, а исто така беа сумирани резултатите од одржаните работилници со деловната заедница во текот на јули и август оваа година.

### *Спроведена кампања „Царински олеснувања и поедноставени постапки"*

Царинската управа, во соработка со АМЕРИТ - СИЗ Македонија Сообраќај од јули до септември 2013 година организираше кампања за промоција на олеснувањата и поедноставувањата во царинските постапки. Во рамки на кампањата се одржаа 7 работилници во Штип, Струмица, Куманово, Битола, Гевгелија, Скопје и Гостивар. Целта на кампањата беше да се промовираат сите новини во царинското работење кои претставуваат олеснувања во спроведувањето на царинските постапки и да се поттикнат стопанствениците почесто да ги користат.



*На презентацијата во Куманово (06.08.2013 г.) присуствуваа претставници од околу 30 локални компании.*



*На презентацијата одржана во Битола (13.08.2013 г.) присуствуваа претставници од околу 70 локални компании.*

Претставници на Царинската управа ги презентираа можностите за стоково царинење на граничните премини и поднесување на царинска декларација за транзит и извоз пред ставање на стоката на увид на царинскиот орган, потоа примена на поедноставените постапки во царинското работење и постапки со економски ефект, е–Царина, употреба на системите за постапки со економски ефект, увоз за облагородување (E_lohn) и електронска комуникација, единствено поднесување на хартиени документи за сите постапки во Царинската управа, како и можностите на унапредениот EXIM за издавање на дозволи за увоз, извоз, транзит и тарифни квоти.



*Во Гевгелија (22.08.2013 г.) присуствуваа околу 60 стопанственици од регионот*



*Скопје (27.08.2013 година-амфитеатар на Царинска управа). Присуствуваа претставници од околу 90 компании*

Големиот интерес за учество е потврда за оправданоста за организирање на вакви настани и воедно стимул за нивно интензивирање во иднина. Царинската управа планира и во иднина повторно да организира вакви настани.

## *Соработка царина - царина*

### *Состанок на SEED Комитет*



На 05.07.2013 во Венеција се одржа состанок на Управувачкиот комитет на SEED, на кој учествуваше Царинската управа на Република Македонија (покрај Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово, Македонија и Албанија). Детално беа разгледани постигнатите резултати, предностите и евентуалните недостатоци, како и можностите за унапредување на апликацијата. Посебно внимание беше посветено на т.н. „exit strategy", односно начините и модалитетите на финансирање на одржување на SEED после јуни 2014 година, кога ќе престане финансирањето на проектот од страна на Европска Унија.

## *Меѓуинституционална соработка*

### *Посета на делегација од Комисијата за европски прашања на холандскиот парламент*



На 7 јули 2013 година, Делегација од Комисијата за европски прашања на холандскиот парламент, предводена од г-дин Цефри ван Хастер, секретар на комисијата, придружуван од г-ѓа Мариет Шурман, амбасадор на Кралството Холандија во Република Македонија и г-дин Никола Димитров, амбасадор на Република Македонија во Кралството Холандија беа во посета на царинската испостава Ќафасан. Осврнувајќи се на досегашната десетгодишна успешна соработка помеѓу Царинската управа и Даночната и царинска администрација на Кралството Холандија, на средбата се дискутираше за работата на царинските службеници на граничните премини, функционирањето на системот за анализа на ризик, стратегијата за борба против корупцијата на Царинската управа, како и постојаните вложувања во унапредување на работата на царинската служба, како од технички така и од информативен аспект. Делегацијата се запозна со работата на Царинарница Битола и активностите кои што се преземаат во насока на осовременување на граничните премини и постојано унапредување на

работата на царинските службеници, согласно најдобрите меѓународни стандарди на работење и ги запозна со начинот на спроведување на царинските контроли на преминот Ќафасан.

### *Плакета од СИЗ Македонија сообраќај-АМЕРИТ за успешна соработка*




По повод 60-годишнината од своето основање, СИЗ Македонија сообраќај-АМЕРИТ и додели Плакета за успешна соработка на Царинска управа на Република Македонија. Царинската управа и СИЗ Македонија сообраќај-АМЕРИТ имаат секојдневна соработка во постапката на издавање и проверка на TIR карнети. На оперативно ниво, СИЗ Македонија сообраќај-АМЕРИТ и Царинска управа имаат речиси секојдневна комуникација, во која СИЗ Македонија сообраќај-АМЕРИТ активно се грижи за своите членки, но истовремено на Царинската управа и ја дава потребната поддршка и помош во промовирањето и спроведувањето на политиките на олеснување и забрзување на транспортот и трговијата.

### *Официјално објавен стартот на проектите поврзани со развојот на Интегрирана тарифна околина*




На 19 септември 2013 година Царинската управа во соработка со Делегацијата на Европска унија официјално го објавија стартот на двата проекти за воведување на Интегрирана тарифна околина (ИТО). На настанотприсуствуваа над 100 претстацници на економските оператори, на иматели на одобренија за вршење застапување во царински постапки, како и претставници на јавните институции кои партиципираат во ИТО.

